**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Тринаесеттата седница**

**на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 26 март 2003 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 14,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали можеме да започнеме со работа.

Продолжуваме по Тринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ружди Матоши, Андреј Жерновски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со работа по 7-та точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со предлогот на закон и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлог за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Воведно излагање беше дадено во пакет од страна на министерот за финансии заедно со буџетот и тоа важи и за ова.

Има збор г. Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Господа пратеници, пред нас имаме еден Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност. Генерално ова што го слушнавме од г. министер намалување на данокот на додадена вредност од 19 на 18% значи намалување на годишните приходи за некаде милијарда денари и оваа

повластена ставка би исполнувала во буџетот некаде 87%, а додатната обезбедува 13%. Тоа е онаа повластена што беше порано 5%.

Од ова не би гледал некоја поголема причина ставката од 5% да ја имаме во ваква ситуација како што ја гледаме во членот 5 каде добрата кои подлежеа на оваа повластена ставка, сега се покачуваат и ќе ги имаме некаде ставка 18%. Мислам дека тука длабоко се навлегува во буџетот на секоја фамилија посебно на социјалните делови од нашата држава така што оваа ставка ќе има доста проблеми.

Би почнал со членот 2 кој го заменува членот 27 после точка 17 следи став 2 во кој се кажува дека при промената на даночното ослободување од став 1 точка 5, 6, 8, 9, 10 и 12 соодветно се применува членот 187 од Царинскиот закон за цели на дополнителна наплата на данок. После ова следи нов став 3 каде по блиските прописи за начинот на спроведување на даночното ослободување од став 1 точка 17 од овој член поднесува министерот за финансии. Дали сето ова ќе биде по некое лично убедување или по прописи затоа што во претходниот став едното со другото не соодветствува. Мислам дека тука ќе добиеме објаснување од министерот. Значи, тоа е став 3 каде што министерот има право да го огради даночното ослободување.

Понатаму, она што е многу важно тоа е членот 5 кој го заменува членот 30 и каде се менува повластена ставка и кога ќе видиме кои производи кои биле во оваа повластена ставка по ова остануваат со додадена вредност од 18%, мислам дека со ова ќе бидат оштетени генерално они најсиромашни слоеви во државата и оние делови од населението кои всушност се пензионери или одредени групи на луѓе на кои им е потребна здравствена помош.

Би почнал со ред:

Со земјоделието.

Основните производи на земјоделство, рибарство и пчеларство остануваат сега со даночна ставка од 18%, деновиве при нашата расправа за буџетот видовме дека многу субвенции и многу работи што значеа нешто за земјоделците на овој начин ги исклужуваме, но со ова уште еден даночен удар од некаде 13% кон земјоделците со што мислам дека дефинитивно гледајќи и понатаму дека во оваа ставка се и минералните и хемиските ѓубрива, средствата за заштита на растенијата, полиетиленското платно значи се она во рангот на она што значи земјоделие ќе биде оптоварено со уште една поголема даночна ставка и се што значи земјоделие мислам дека некој се труди да го уништи максимално.

Понатаму, она што значи зголемување на делови од овој повластен данок тоа е она што не засега комплетно целото население на Република Македонија тоа се детергентите за миење на садови и перење на алишта, тоалетен сапун, сапун за перење, пасти за заби, пудра, крема за деца и се друго што мислам дека е неопходно во основното живеење на народот. Значи, и тука длабоко се навлегува во џебот на комплетното население во Република Македонија.

Но, мислам дека многу поважно од сето ова тука се засегаат слоеви на луѓе што, гледајќи ги овие повластени производи, едноставно не можам да си објаснам како може една ставка во која ќе влезат лекови, кои знаеме пензионерите како преживуваат, значи, лекови, замена за делови од тело - ортопедски апарати и справи, справи за отстранување на функционални оштетувања како инвалидски колички за луѓе. Едноставно не објасниво е оваа ставка да дојде на 18% од повеќе причини. Знаеме за лекарствата, а посебно за делот на пензионерите, оние кои едноставно едвај составуваат крај со крај кога и овие лекови кои треба секојдневно да ги земаат се покачат за додатни 13%, мислам дека тука некој воопшто не водел сметка, а што се однесува за делови и замена на делови од тело - ортопедски апарати, инвалидски колички за луѓе не знам кој би играл со данокот и дали некаде би ги продавал истите. Мислам дека тука е направена една грешка и под итно министерот мора да размисли за оваа ставка да си остане повластена како што некој ја предвидел претходно.

Истото важи и за медицинскиот потрошен материјал. Тука имаме комплетно се она што значи прегледи и средства кои помагаат во остварување на медицинската заштита. Со самото нивно зголемување ќе бидат доведени во прашање сите оние луѓе кои сакаат да ги остварат тие прегледи на додатни трошоци од 13%.

Но, сето ова на крајот би го свел со нешто друго. Тоа е потставката од овластената ставка 5 од членот 30 тоа значи лигнит, мрк јаглен, камен и дрвен јаглен, брикети од јаглен, огревно дрво, брикети од дрво, мазут, гас, разладување и греење и на крајот електричната енергија.

Електричната енергија е она за што би сакал посебно да се осврнам затоа што сите делови посебно во еден сврзан систем кога енергијата, зборувавме во претходните денови што значи енергетика, колку сме оспособени во моментот и колку Електростопанството на Македонија е во состојба да ги поднесе овие товари и удари затоа што тоа се тие кои треба да ги наплатат и да ги плаќаат овие 13% кои рековме дека од граѓаните на Република Македонија ќе бидат ослободени. Но, едно

јавно претпријатие кое нон стоп се кажува дека има црна дупка, дека има долгови за кои проговорив и мислам дека не се долгови, се надевам дека со овие закони кои денеска ги донесуваме сврзани со буџетот и со даноците дека конечно ќе обезбедиме начин Електростопанството да си ги наплати своите побарувања од даночните должници дали биле претпријатија, дали биле граѓани на Република Македонија во сите делови на државата и ако тоа успееме да го направиме, мислам дека ќе направиме еден добар потег и само на тој начин ќе обезбедиме само дел од оние средства кои Електростопанството ќе треба да ги обезбеди за плаќање на данокот кон државата, да имаме нешто што ќе остане за нивниот развој.

Прво, мислам дека и правно не можеме еден ист производ кој не чини колку што не чини, го чини Електростопанството во производството да го продава на едни за ставка од 5%, а за други за ставка од 18%. Најголемиот проблем ќе се јави само во она што значи покачување на ставката на електрична енергија тоа ќе значи дека едноставно сите производи без разлика што кажавме дек комплетниот данок на додадена вредност го намалуваме од 19 на 18% ќе се случи токму поради ова зголемување на повластената ставка на електричната енергија да доживееме еден ценовен шок што значи покачување на сите цени без разлика на било кој дел од производството каде електрижната енергија учествува со 15% - 20% од цената да имаме зголемување така што ова намалување на данокот на додадена вредност нема да значи ништо за комплетното население, туку ќе значи покачување на цените на електричната енергија и покачување на сите останати цени кои ќе се почувствуваат врз буџетот на граѓаните.

Јас не знам колку во моментот Електростопанството е во состојба да го прими овој данок од 13% и да го исплаќа кон граѓаните, кон државата на сметка на граѓаните, но би сакал уште еднаш да напоменам ако сето ова се случува, а на сметка на она што значи заштита на производството, јас мислам дека тука ќе имаме големи проблеми и мислам дека ќе биде многу подобро ако се послушаат барањата на колегите од РЕК Битола и на комплетното Електростопанство и да им се овозможи да работат со доволно резервни делови, да имаат правилен исход, да обезбедат модернизација на блоковите во термоелектраните, да обезбедат средства за натамошни испитувања во  Брод - Неотино и слоевите во рудникот Суводол што ова Електростопанството на Македонија ќе го плаќа тој данок тие ќе бидат оштетени, а и сите други инвестиции во Република Македонија. Многу добро знаеме дека во моментот склучените аранжмани за увоз на електрична енергија тука не можеме да намалиме ни данок, тие се плаќаат во кеш и мора да се платат што

значи тука не можеме ништо да промениме, Електростопанството ќе мора да го плати тој увоз на електрична енергија, а од друга страна што значат овие 13% во моментите кога Електростопанството се подготвува на една приватизација, кој ќе биде нивниот пристап и стапките во преговорите со оние кои ќе сакаат Електростопанството утре да го купат.

Значи, ако одиме на уништување на оној дел или ја расипуваме појдовната стапка на Електростопанството во нивните преговори со тоа што тие ќе треба да го плаќаат овој данок на додадена вредност од 13%, мислам дека ќе го донесеме во една многу полоша состојба, во безизлезна состојба.

Во секој случај, од сето ова што го кажав, мислам дека членот 5 е многу битен во моментот затоа што почнувајќи од електричната енергија и нејзиното покачување, мислам дека ќе има голема лавина на рефлексија врз сите останати цени и врз буџетите на сите фамилии во Република Македонија така што она што рековме дека работиме за некој социлен буџет или за буџет кој ќе помогне на луѓето, со ова мислам дека дефинитивно одредени категории на луѓе како пензионери, социјални случаеви, на луѓе на кои им треба медицинска помош ги доведуваме во безизлезна положба.

Мислам и апелирам до министерот уште еднаш да се разгледа членот 5 и едноставно да остане онака како што беше, значи членот 5 да не постои и да остане членот 30.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Јасно е дека овој закон е предложен за донесување од причини што во буџетот беа предвидени средства за реализација на т.н. Бранков закон односно законот кој има намера со политички и административни средства да се поттикне вработувањето во Република Македонија. Тоа се покажа во претходниот период како нешто непродуктивно и кое не доведе до конкретни резултати и сметам дека вчерашното излагање на министерот кога кажа дека треба да се донесе законот и да

се видат последиците од неговата примена односно дали тој ќе биде успешен или неуспешен не треба да го чекаме затоа што еднаш веќе имаме донесено таков закон и треба да се направи анализа на резултатите кои беа постигнати со тој закон.

Ако се споредат тие резултати, јасно е дека 40 илјади новвработени во период од 2 години во тој период после престанувањето на важноста на тој закон се преполовија на 20 илјади новвработени кои претставуваа во најголем дел легализација на вработените кои работеа на црно во претпријатијата кои беа опфатени со овој закон и кои ги користеа привилегиите кои беа предвидени со него.

Исто така донесувањето на овој закон кој значи навистина создавање на нелојална конкуренција во Република Македонија не треба да биде цена која треба да ја платат сите граѓани во Република Македонија особено граѓаните кои претставуваат најсиромашен дел од нашата држава и оние граѓани кои кубурат со егзистенцијата, меѓутоа, со донесувањето на овие измени во секој случај ќе се насочат кон тој слој на население односно кон најсиромашниот дел од населението во Република Македонија кој, за жал, е се поголем и поголем.

Мислам дека со овие измени, покрај другото, се врши прераспределба на даночниот товар односно луксузните стоки и стоките кои не претставуваат егзистенционални потреби на населението чија што стапка на данок на додадена вредност изнесуваше 19%, сега се намалува на 18%, сигурно тоа нема да доведе до намалување на цените на овие производи и за разлика од тоа најдирекно се удира на најсиромашното население со зголемувањето на даночната стапка на производите кои до сега имаа привилегирана даночна стапка од 5% токму од причини што тие претставуваат производи кои претставуваат егзистенцијална, неопходна потреба на граѓаните. Така, алкохолот, цигарите, техничката стока, мебелот и другите производи кои до сега беа со стапка на данок на додадена вредност од 19% сега нема да претрпат никакво намалување на цените затоа што нема никаква реална основа да се очекува тоа заради релативно истата стапка на данок на додадена вредност која сега ќе биде 18% и сметам на сите ни е јасно дека тоа нема да предизвика апсолутно никакво намалување на цените на овие производи односно на трошоците кои ги има секој еден граѓанин на нашата држава кои мора да се платат при купувањето на овие производи.

Значи, даночниот товар од слоевите кои што претставуваат, ако може така да се каже, побогат или помалку сиромашен дел од населението на Република Македонија, се насочуваат, би рекол, кон оној дел од населението, кој навистина петставува најсиромашен дел на населението кој се соочува со тешки

егзистенцијални проблеми. На овие производи без кои, како што кажав претходно, навистина не се може и кои неопходно мора да се купуваат, затоа што се работи за животни продукти, како што се млекото и лебот и другите прехранбени продукти, неминовно ќе им се покачи цената, поради покачувањето на цената на електричната енергија, иако во предложените измени тие остануваат со иста стапка на данокот на додадена вредност. Меѓутоа, факт е дека мора производителите на овие производи да го вградат и да го вкалкулираат покачувањето на данокот на додадена вредност, кој што се однесува на електричната енергија, која што е вградена како трошок во производството на овие производи.

Поради тоа, кога на тоа ќе се додаде покачувањето на лековите, хигиенските средства, становите, производите од обласа на земјоделството, навистина ќе се види дека поради покачувањето на стапката на данокот на додадена вредност за 13% и покрај сите математички акробации кои ги слушнавме од страна на министерот за финансии и кои беа најавени при најавувањето на овој закон и склучувањето на договорот со Меѓународниот монетарен фонд и согласувањето на овие измени на овој закон, кој што директно удира на стандардот на населението со прифаќањето од страна на Владата на Република Македонија и Министерството за финансии, навистина, може да се каже дека директно, силно ќе бидат погодени најсиромашните граѓани, знач, регрутирање на нови социјални случаи.

Покачувањето на даночната стапка реално ќе ја намали и вредноста на социјалната помош, вредноста на пензијата, вредноста на месечната плата на вработените и воопшто куповната моќ на граѓаните за 13%, за колку што ќе поскапат производите, кои што неминовно тие граѓани мора да ги купуваат. Поскапувањето директно ќе ги погоди фирмите односно стопанството во целина, особено преку влошувањето на наплатата и на нивната ликвидност. Факт е дека кога нема кој да купува, не му е пишано арно и на продавачот. Така, во исклучително тешка состојба ќе се најдат и комуналните претпријатија, со оглед на тоа дека се покачуваат услугите кои што претставуваат јавна хигиена, комунален отпад, кои и онака мака мачат со наплатата на своите побарувања, што ќе доведе во нарушување на основните ,виталните интереси на граѓаните, како што се одржувањето на комуналната хигиена, водоснабдувањето, а истата судбина ќе ги снајде и корисниците на централното греење, па и давателите на овие услуги. Сето ова ќе се одрази на голем дел на стопанските субјекти и деловни активности кои се насочени кон овие претпријатија. Тоа се однесува и на јавниот превоз кој ќе поскапи и онака за околу 25%, како што беше најавено од страна на јавното сообраќајно претпријатие

од Скопје, доколку градот Скопје и државата не обезбедат соодветна помош. А, со овие мерки поскапувањето треба да биде околу 40%, што не само ќе ги одврати граѓаните кои сега одвај плаќаат за услугата, туку ќе го уништи јавното сообраќајно претпријатие, кое и до сега извршените услуги за превоз за неликвидните фирми, не може да ги наплати.

Не можам да поверувам дека Владата на Република Македонија при преземањето на ваков чекор ги нема зема предвид социјалните услови, кои некако егзистираат 47.000 стечајни работници и работници прогласени за технолошки вишок, 100.000 работници кои нередовно земаат плата, 83.000 семејства кои преживуаат само од социјална помош, 5.000 излажани загубари кои се надеваат дека ќе им биде исполнето предизборното ветување на коалицијата на власт.

Дали оваа Влада имала предвид дека најголемиот дел од граѓаните трошат околу 70% од семејниот буџет за исхрана, за задоволување на основните животни потреби и за плаќање на режиските трошоци, дека во Прилеп тутунопроизводителите повторно се присетија на поезијата од Кочо Рацин и сеуште не примиле ниту денар од со мака сработениот тутун, со кој треба да ги платат заостанатите долгови од претходната година, а да не зборуваме за тековните трошоци и за она што претставува авансирање на идното производство за кое што немаат никаква сигурност, бидејќи сме сведоци дека во вчерашниот ден министерот за земјоделство јавно им кажа да бараат некои други откупни претпријатија кои што се надвор од Прилеп, а кои што откупиле околу 10% од вкупното тутонопроизводство во Република Македонија, а Прилеп не може да се стави во ист кош со тие подрачја, каде што навистина производството на тутунот претстаува само мал дел од тутунопроизводството во Република Македонија, затоа што Прилеп и традиционално и фактички претставува тутунски регион и на директен или индиректен начин од производството на тутун живеат над 30.000 жители на ова подрачје. А, да не зборуваме и за околу 2.000 вработени во Тутунскиот комбинат, кој што со ваквите мерки директно ќе бидат изложени на притисок во однос на нивната идна егзистенција и работа во Тутунскиот комбинат во Прилеп.

Се прашувам дали Владата на Република Македонија ги имала предвид и ги предложила овие мерки и кога ги предлагала овие мерки имала предвид дека за околу 20% од корисниците на социјална помош им е укината таа социјална помош врз основа на мерките кои што беа преземени на почетокот на оваа година. Дека е намален износот на надоместокот за нега на болни и немоќни лица, за што расправавме на една од претходните седници, тука во Парламентот и со што се

изврши директен удар врз состојбата, не само социјална, туку и здравствена на овие лица. Дека е намален износот на платите на македонскиот граѓанин, кој сега во просек е претпоследен од државите на поранешна Југославија и зад нас е само Србија и покрај неколкуте војни, економски блокади и директен напад, има само три евра помалас просечна плата по работник.

Дали Владата на Република Македонија го имала предвид податокот дека во декември минатата година дури 30% од вработените во земјава не примиле плата. Министерот изјавува да мерките почната да даваат резултати треба да помине период, кој е од шесет месеци до една година. Дали при тоа има предвид дека за тој период граѓаните на оваа земја треба да преживеат.

На крајот, сакам само да ги наведам неколку производи, кои што не се неколку, туку се значителен број кој дирекнто удираат на животниот стандард на населението, а кои ќе бидат изложени на поскапување со овие мерки на Владата на Република Македонија.

Во областа на земјоделството ќе поскапат земјоделските машини, ѓубривата, како минерални, така и хемиски. Водоснабдувањето односно наводнувањето на земјоделските површини ќе биде со зголемени трошоци. Средствата за заштита на растенијата што се однесува директно на овоштарството, исто така, се зголемува нивната цена. Се зголемува цената и на најлоните за потребите во земјоделството. Во областа на здравството се зголемува цената на лековите, се зголемува цената на ортопедските апарати, справи и на инвалидските колички. Се зголемува цената на медицински потрошен материјал, вата, газа, завои, реагенси за разни намени во здравството, стоматолошки полнила, сетови за прва помош, филмови за рентген снимања. Се зголемува цената на хигиенските средства и тоа на детергентите за миење садови и за перење алишта. Потоа, на тоалетните сапуни, пастите за заби, пудрите, кремовите и маслата за деца, шампоните за коса и бањање, средствата за заштита од бременост и хигиенските влошки. Се зголемува цената на сите енергенти, особено на електричната енергија, сите видови на јаглен, огревното дрво, мазутот, гасот. Се зголемува цената на становите, превозот на лица, одржувањето на јавната чистота, услугите на адвокатските, нотарските, сметководителските и ревизорските услуги. Ако е ова правецот по кој што треба да се движи Република Македонија и дека на овој начин со поттикнување на вработувањето со бранковиот закон ќе се реши проблемот со невработеноста и социјалниот статус на населението во Република Македонија, сметам дека навистина сме во погрешен правец.

Од овие прични апелирам да го повлече овој закон, овие измени на овој закон, а доколку тоа не се стори, апелирам до пратениците да гласаат за одбивање на овој закон, односно против донесувањето на овие измени.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Прешовски Коста.

КОСТА ПРЕШОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, колеги пратеници,

Воведувањето на данокот на додадена вредност и неговата примена од 2000 година е успешно и ги даде очекуваните резултати. Со предлог законот за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, се продолжува со реформите во даночната сфера, а со тоа и изградбата на ефикасна даночна администрација. Предложените измени во законот ќе овозможат ефикасно собирање на даночните приходи односно ќе се зголеми нивната наплата, превентивно ќе се дејствува на почитување на законот и ќе се поведе одлучна битка против затајувачите на данокот, кои ќе можат да заработат и затворска казна од една до пет години, за разлика од досегашнта предвидена само парична казна.

Со измените на законот се предвидува и укинување на годишната даночна пријава и се утврдува даночен период од календарски месец. Исто така, се подобруваат даночните правила при увозот на добра наменети за проекти кои се финансирани од странски донатори и дерегистрирање малите дасночни обврзници. Но, сепак, најголем интерес предизвика промената на повластената даночна стапка од 5% на 18% кај некои производи. Промената на повластената даночна стапка се наметна како потреба од повеќе причини и тоа. Склучувањето на аранжман со Меѓународниот монетарен фонд и погодностите од тоа во смисла на поддршка на македонската економија во овие тешки времиња. Укинувањето на данокот на финансиски трансакции, намалувањето на општата даночна стапка на данокот на додадена вредност од 19% на 18% и т.н. Мислам дека е тешко да се одговори дали беше можно поповолно решение во така затекнати неповолни економски услови.

Зголемувањето на даночната стапка на данокот на додадена вредност од 5% на 18% за голем број производи, освен храната, е неповолно решение од социјален аспект, уште повеќе ако се има предвид дека данокот на додадена вредност е индиректен данок. Овие даноци се социјално неправедни, бидејќи данокот на додадена вредност паѓа на товар на потрошувачите, ги погодува сите граѓани, без разлика на нивната реална економска моќ. Даночната стапка од 5% постои за да ги заштитува посиромашните слоеви од населението и се однесува на производи со големо учество во потрошувачката кошничка. Оваа стапка е амортизер на социјалните тензии во економијата и во општеството во целина.

Зголемувањето на привилегираната даночна стапка од данокот на додадена вредност од 5% на 18%, по мое мислење, е наметнато решение, за да се осигура стабилност на буџетските приходи. Со зголемувањето на пониската даночна стапка на данокот на додадена вредност, скусувањето на буџетската рамка и намалувањето на буџетските трошоци, ќе се намали и потрошувачката на населението и државата, а со тоа се очекува да се стимулираат инвестициите на претпријатијата, т.е. на тој начин ќе се создаваат услови за здрав економски раст. Но, сепак, во економии каде што има голема конкуренција, а тоа се очекува и кај нас со влегувањето во Светската трговска организација ќе се интензивираат натпревари за поголема продажба при што е можно дел од даночниот товар да го преземе и претпријатието. За да опстојат тие ќе мораат зголемените трошоци од промената на даноците да не ги префрлат во целост врз потрошувачите. Тоа значи дека треба да се очекува цената на нивните производи да не се зголеми за толку колку што се зголеми на данокот на додадена вредност, односно за 13%. Во секторите каде што нема конкуренција, односно има монополска положба, претпријатијата со целиот даночен товар, се очекува да го насочат врз потрошувачите. Но, и тука има исклучоци. На пример, ЕСМ нема да ја зголеми цената на струјата кај домаќинствата, за разликата од зголемувањето на данокот на додадена вредност.

На крајот да заклучам дека ова решение мора да има одраз врз цените. Од едно зголемување на цените ќе има, но товарот од даночното оптоварување, сепак, по мое мислење, ќе се распредели меѓу потрошувачите и претпријатијата. Затоа, постојат позитивистички факти, поради кои ќе го подржам овој предлог закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави госпоѓа Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван претседателе, претставници на Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Накратко ќе се осврнам на законот, со цел да не се повторувам со колегите од мојата парламентарна група.

Донесувањето на законот за измени и дополнувања на Законот за данокот на додадена вредност во кој една од најзначајните новини е зголемувањето на данокот на додадена вредност од 5% на 18% за огромен број на производи, ќе се прекрши врз грбот на граѓаните, посебно на посиромашните, бидејќи трошоците за живот на граѓаните ќе се зголемат за 13%. Во услови кога во државата имаме повеќе од 80.000 социјални случаи, повеќе од 300.000 невработени и огромен број работници, кои по повеќе месеци не земаа плата, а и работници кои што земаат плата, која е со износ и недозволува за задоволување на нивните основни егзистенцијални потреби, зголемувањето на 13% на храната, лековите, кои се толку потребни за повозрасните, посебно пензионерите, а и луѓето со одреден хендикеп, зголемувањето на данокот на додадена вредност за медицинскиот потрошен материјал, посебно за ортопедските апарати и справи, за замени за делови од телото, тоа се протезите кои и сега се ужасно скапи, справите за отстранување на функционални оштетувања, па дури и инвалидските колички за луѓето, за кои што Владата на Република Македонија мора да најде разбирање за потребите на овие категории на граѓани и да останат со повластената стапка од 5%, како што беше решението во законот кој што донесе претходната Владата на Република Македонија и која што имаше разбирање и овие производи беа со повластена стапка од 5%. Не може овие производи да се изедначат со луксузните, кои што сега се со иста стапка од 18%, како и овие неопходни производи за нормално и непречено фукционирање на животот, посебно на оние категории на граѓани.

Морам да напомнам дека зголемувањето на средствата за хигиена, кои се толку неопходни за нормалното живеење, посебно зголемувањето на цените за 13% на средствата за хигиена и исхрана пворзани со одгледување на мали деца, со оглед на фактот што имаме огромен број на млади брачни парои кои се невработени, уште повеќе ќе ги осиромаши и ќе го отежни одгледувањето на нивните деца. Тоа заедно, со вкупните поскапувања ќе има последици и рз одлуката на младите дали да имаат деца или не. И, наместо да се подмладува нацијата,

можеме да создадеме услови да имаме нација во која поголем број од неа ќе бидат стари луѓе. Кога на сето тоа ќе го додадеме и зголемувањето на репроматеријалите во земјоделството, во кое од друга страна, пак, државата треба да субвенционира некои дејности. Понатаму, зголемувањето на електричната енергија, огревното дрво, камениот и дрвениот јаглен, мазутот, гасот и сето она што претходно што го кажаа моите колеги, може само да си замислите каков бран на поскапувања ќе има како резултат на растот на производните трошоци. Најпосле, колкави ќе се трошоците на греење во семејствата и трошоците за користење на електрична енергија.

Од поскапувањата што ги носи измените и дополнувањата на овој закон за данокот на додадена вредност, од сето она што го наведов и претходно колегите што наведоа, убедена сум дека носењето на овој закон ќе е огромен удар врз стандардот на граѓаните и ќе предизвика нивно уште поголемо осиромашување.

Затоа, не можам да го подржам донесувањето на овој закон и ќе гласам против.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Караџоски Жарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитуван министре, заменик министре, колеги пратеници,

Конечно, дојде на дневен ред и законот за измена на Законот за данокот на додадена вредност, иако многу работи се искажаа вотекот на првата точка за предлог буџетот, чувствувам потреба сепак нешто да кажам и по делот на оваа точка, односно по однос на овој закон.

Сега, кога ги барам причините зошто повторно треба да се дискутира во овој правец, јас ќе издвојам само неколку причини од многуте и во тој правец би ја насочил дискусијата.

Прва причина која ме натера да излезам овде на говорница по однос на овој закон е токму ветувањата на СДСМ во неговата изборна програма која беше поделена на сите граѓани на Република Македонија, а јас само би ги потсетил колегите кои доаѓаат токму од СДСМ, нека ја проверат програмата, нека завртат на страна девет, глава еден, точка 1 и точка 3, каде меѓу другото ќе видите која е програмата ма Владата на Република Македонија.

Значи, цитирам:” Владата на СДСМ преку реформа на даночната политика ќе обезбеди проширување на опфатот на стапките со повластена даночна стапка од 5% ДДВ”. Тоа е дел од Програмата на СДСМ. Сега вие може да се вадите дека е ваша таа програма, но министерот е од ЛДП, така што немате директна одговорност, зарем не? За жал министерот е во вашата владина коалиција, така што одговорноста не можете да ја избегнете.

Втора причина, каде што директно ве доведува во врска со она што го анулиравме претходно е експозето на господинот Бранко Црвенковски како мандатор на Владата. Не е тука господинот премиер, меѓутоа, тоа не се однесува на премиерот. Господинот Црвенковски во експозето, а експозето е предмет на дискусија секогаш, бидејќи во него се даваат насоките на Владата како ќе работи во овој период додека е влада. Таму господинот Црвенковски истакна и кажа во своето експозе, нема да го цитирам, само ќе го прераскажан она што е битно дека Владата, нешто слично на програмските определби на СДСМ, меѓу другото, ќе оди на политика на намалување на даноците, односно даночното оптоварување на граѓаните на Република Македонија и добро се сеќавам, токму во моето излагање кога зборував за тоа кажав дека тоа е тешко остварливо и дека една од мерките, од тука ми дофрлуваше и кажуваше дека Владата ќе го направи тоа, ќе бидеме сведоци и ќе видиме. Јас дадов една забелешка и му кажав: Господине мандаторе или господине премиер, она што сега го тврдите во експозето, не мора да ги убедувате пратениците, за брзо време ќе дојде аранжманот со ММФ, некаде за месец или месец ипол, и она што вие го тврдите и во експозето и мене што ме разубедувате, треба да им го кажете на нив, дека наша политика е таа и ние ќе стоиме цврсто на намалување на даночните стапки и даночното оптоварување на граѓаните. Но за жал, можеби вас како парламентарно мнозинство ве убедил, бидејќи гласавте и ја поддржавте таа влада, но за жал, ММФ не е парланментарно мнозинство на СДСМ, туку е таков фонд кој што лесно не потпаѓа на некои убедувања, така што си остана доследен и цврст на оној став кој го имаше со претходната влада и за да се склучи тој аранжман дојде до ова што дојде, се покачи стапката од 5% на 18%. Тоа е како втора причина поради која сакав да земам збор за да кажам нешто во тој правец.

Трета причина е една интересна констатација што ја слушавме во медиумите, и во печатените и во телевизиските преноси, каде што да не речам поголемиот дел од претставниците на Владата сакаа да ја убедат јавноста во нешто во што незнам како може да се убеди. Имено, оваа година дека Република Македонија ќе има помало даночно оптоварување, ќе се плаќа помалку данок, и тоа поддржано со

вкупната приходна страна во Буџетот, во споредба со планската страна. Едно толкаво убедување, дека овој пат граѓаните ќе плаќаат помалку даноци, дојдовме до една констатација дека бројот 18 веројатно е помал од 5. Математички гледано тоа не ми влегува во глава, значи не е логички, меѓутоа, испаѓа дека е логички. Дури, разликата од 13% сега е стимулативна, поточно разликата од 5 до 18% зголемување или оптоварување на граѓаните сега испаѓа дека е помалку плаќање данок. И тоа можеби е така господине министре, кога зборуваме за приходната страна на Буџетот. Тоа е така, да речеме, приходот е намален во однос на минатата година, но ако го елиминираме оној данок кој што беше плус во претходната буџетска година, испаѓа дека не е така, затоа што ако немавме криза, немаше да го има овој данок, ако беше претходната година или година две во криза, тогаш да го немавме воениот данок, прашање ќе беше дали ќе беше ваква приходната страна, доколку постоеле три основни категории на данок.

Што е основната разлика? Значи, ако зборуваме од аспект на приходната страна така е. Но ако зборуваме од друг аспект, зошто кога се донесуваше Законот за ДДВ кој што тогашната опозиција доста го критикуваше, дури имаше и свои предлози, јас добро се сеќавам, одредени пратеници на СДСМ имаа и свои предлози на закон за изменување и дополнување на Законот за ДДВ, каде што одеа буквално со 50% од производите, кои сега се на стапка 19 да ги префрлат на стапка 5%. Се случи се донесе тој закон, сега имаме обртна ситуација. Значи зошто воопшто кога се донесувал тој закон се ставила стапка од 5%? Затоа што предлагачот и тогаш тој што го донесувал законот со парламентарно мнозинство водел сметка дека  социјалната структура и економската состојба во Републиката не е таква за да можеме како пример на многу други европски земји да имаме една ставка од 19 и 20%, меѓутоа, сепак состојбата налага одредени производи оние кои се битни за потрошувачкиот џеб на и онака сиромашниот дел од граѓаните да биде со повластена стапка. Тоа беше еден од мотивите зошто се стави стапка од 5%, која велиме дека е повластена стапка. Инаку, ако одиме да гледаме какво е ДДВ низ европските земји, ќе видите дека најмногу имаме оданочување со една општа стапка. Но тоа е во европские земји, каде што не е толкав проблем, сепак тие се развиени за разлика од нас каде што го имаме она што го имаме, огромна маса на невработени, огромна маса на вработени кои не земаат плата, социјалци и тн, да не го спомнувам сето она што го спомнаа и моите колеги во претходните излагања. Значи, тоа ја наметнало потребата да се стави повластена стапка. Јас пак не ја гледам оваа година како година дека кој знае што ни се случи после 15 септември,

дека кој знае колку отидовме напред во однос на претходните години. Напротив, имаме опаѓање долу, за да оддеднаш почуствуваме потреба одредени производи, кои сеуште за голем дел граѓани во РМ се да не речам мисловна именка, да ги оданочиме од 5 на 18%, значи со 13% повисока разлика. Тоа е проблемот и тука е проблемот за кој што се дискутира дека токму ваквото покачување на повластената стапка удира директно на најсиромашниот слој на граѓаните на РМ. Да не ги спомнувам значи сите оние социјални категории, сите оние невработени, сите оние вработени кои ги викаме стечајни, сите оние вработени кои не се стечајни работници, но кои не земале плата подолг период, дури и сите оние вработени кои земаат плата, но која плата? Плата од 4-5 илјади денари која е најголема во Република Македонија, најчесто застапена, или пензионери од прва група, втора група, кои 90% од платата ја користат за да платат струја и основни комуналии, и што ќе им остане друго?!Така, со повластената стапка која сега неминовно оди на 18% директно се удира по џебот на таквата категорија граѓани. Дали ќе можеме нив да ги убедиме дека навистина сега ќе плаќаат помалку данок, затоа што вкупните приходи се помалку? Тешко можеме да го убедиме и тешко дека секој таков граѓанин ќе го убедите сега кога ќе појде да купи лекови, ако сега лекот чинел 120 денари, тој треба да плати 150 или 160 денари, затоа што скоро сите лекови поскапуваат. (Уфрлување на министерот со зборовите “многу си добар со процентите”).Добро сега, јас не сум толку добар како вас, затоа не сум министер за финансии, меѓутоа, го кажувам она што го чуствувам и што сметам дека треба да го кажам. На крајот на краиштата ваша е заслугата. Ваши ќе бидат и пофалбите, господине министре, од граѓаните. Да се надеваме дека ќе бидат пофалби, а не критики. Но добро, да го оставиме тоа, да се вратиме на она што зборував. Пак ќе се вратам на тоа како ќе се убеди оној граѓанин кога ќе појде во аптека и треба да купи поскап лек, а да не зборувам дека голем дел од граѓаните се пензионери и на таа категорија луѓе навистина и е потребно секојдневно да купува по некој лек. Мислам дека тешко ќе биде прифатливо вашето објаснување, господине министре, за него, кога тој секојдневно треба да дава повеќе пари од оние што ги давал до скоро? Но да не заборавиме една друга работа. Вие јасно кажавте господине министре, тоа е проектирано во Буџетот што го изгласавме дека покачување на плати нема, нема покачување на пензии и за сите други работи нема покачување што значи со истата маса на пари на плата односно пензија што ја земал сега треба да даде и за повеќе трошоци. Дали се 13% или не се 13%, дали сум добар со проценти или не, толку не е битно, но битно е дека навистина ќе треба да плати поскапо.

Детергентите, она што го зборуваа колегите исто така се битна категорија, битни елементи и битни производи кои секојдневно учествуваат во потрошувачката кошница на секој граѓанин. Македонија е во секој случај чиста нација, па и можеби не е страшно ако се удри на поскапување на хемиските производи и тн., се удира и на другите, а тоа го кажаа колегите и не би сакал да ги читам. Што се однесува до земјоделството, како ни тргна оваа година, нема потреба што повеќе да произведуваме, затоа што ако поскапуваат ѓубривата, машините за обработка и тн. нема што сериозно да се одрази затоа што не верувам дека идната година, еве да тргнам од Прилеп некој ќе сади тутун. Еве слушнав деновиве тутунски комбинат ќе склучува договори, ќе почне да склучува договори за идната година, а се прашувам кога ќе се исплати оваа претходната, така што незнам кој ќе има интерес да сади да речеме тутун за наредната година, кога цело време се има предвид дека прашање дали воопшто ќе се исплати. Не навлегувам во причините кој е виновен за тоа, за да не влезам со колегата од ЛДП во некои непотребни реплики, но тоа е факт, зборувам за фактичката состојба и она што го имаме секојдневно. Сега истата категорија што ја спомнав, значи тутунопроизводители, производители на ориз и тн, засегнати од едно вакво зголемување на процентот на ДДВ кој учествува во нивното производство, нели, вештачкото ѓубриво, механичките средства за обработка,, мора да дојде до покачување на цената на она што го произведува. Од друга страна, и ова што сега го произведува по овие поефтини стапки на данок неможе да го продаде, а камо ли сега со некое покачување. Тука е проблемот кога дискутираме за ДДВ, тука е проблемот кој ги засега и граѓаните и ние како опозиција сега што дискутираме. Не е проблемот во вкупната приходна страна, проблемот е на кого удира овој данок.

Сега господине министре, јас можеби не баратам добро со проценти, меѓутоа има еден податок со кој верувам дека ќе се согласите, кој сум го прочитал, сигурно не сум го измислил, да речеме, каква е даночната политика во одредени земји кои ги викаме развиени земји. Ако ја споредиме таа даночна политика со нашата политика, тие стручњаци кои доаѓаат од надвор ќе ни речат дека нашата даночна политика е катастрофална, затоа што целата даночна политика се базира на главниот извор, односно главниот данок кој е главен извор на приходи во Буџетот, а тоа е ДДВ. Секаде во развиените земји, според тие стручњаци не е главен извор ДДВ, туку главен извор се останатите даноци и некаде учествуваат со 60% во вкупните приходи, а тоа е господине министре според она што го прочитав персоналниот данок и тн. Значи, се оданочува категорија на граѓани соодветно на платежната моќ

на граѓаните. И тука има некоја правичност, но колкаво е нашето учество? Ајде да ја видиме нашата математика колкаво е нашето учество во поглед на приходите од тие даноци? Многу малку застапено одвај 30%. Тоа не го кажуваат само странските стручњаци, сум прочитал дека и некои наши стручњаци истото го кажуваат. Ако јас грешам, и тие грешат, јас не сум стручњак од областа на економијата, па мене може да ми се оправда но за нив незнам. Тоа го пишуваше во сите весници, се полемизираше на оваа тема кога се спомна дека ДДВ се покачува.

На крајот би резимирал само со уште нешто. Владата најави во својата програма, сто пати ја слушнавме дека една од главните цели, покрај политиката за вработувањето е и политиката за намалување на сиромаштијата во Република Македонија. Како што ни тргна, незнам како ќе ја намалиме сиромаштијата, но со вакви даноци, со вакви измени, со покачување на стапка од 5% на 18%, која директно ја удира сиромаштијата, јас незнам дали ќе ја намалиме или ќе ја зголемиме.За тоа треба време и за тоа треба да почекаме. На крајот на краиштата ќе го видиме и резултатот. Ако тоа успее, Владата ќе добие заслуги какви што секој ги добива кога успева, но ако не успее верувајте дека и понатаму ќе следат заслуги но во обратен правец.

Од овие причини што ги кажав јас нема да го поддржам овој закон и ќе гласам против. Не се надевам дека парламентарното мнозинство тоа ќе го прифати, ќе го поддржи, но мојот став е тој.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Многу е тешко во три минути да се кажат сите непрецизности што беа кажани. Сега не можеме Караџоски да го убедиме во ништо или да се согласиме, освен во тоа дека ја прочитал програмата на СДСМ.

Јас само би му кажал дека, што се однесува до стапките на ДДВ во некои држави кои тој ги смета за високоразвиени, ќе му кажам дека единствена даночна стапка има во Албанија од 20%, Азербејџан 20%, Белорусија 20%, Грузија 20%, Латвија 18%, Молдавија 20%, Туркменистан 20% и Украина 20%. Сега незнам за какви земји ги смета овие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика за господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ако на Јани Макрадули му се малку 3 минути, мене ми е уште помалку минута, но сепак ќе се потрудам да кажам.

Прво, господине Макрадули јас воопшто не спомнав за стапка 20% за развиени земји. Јас зборував за други даноци во развиените земји каде што се застапени со 60% и тн. Требаше внимателно да ме слушате. На крајот на краиштата, господине Макрадули, јас не сум електроинженер па да бидам многу прецизен кога нешто зборувам, меѓутоа очигледно вие сте во таа струка, па далеку сте од прецизни кај она што треба да имате како електроинжинер.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе,почитувани пратеници, претставници на Владата,

Накратко би сакал да кажам два-три збора за тоа зошто ќе гласам за Предлогот за донесување на овој закон за изменување и дополнување на Законот за ДДВ. Како што знаеме сите, Законот за ДДВ во Македонија почна да се применува од 1 април 2000 година и спроведувањето на тој закон ги даде своите резулати. И покрај тоа , не може и неможе да има закони и акти совршени поради самиот факт што самиот економско-социјален развој предизвикува промени кои мора да се хармонизираат и при самиот процес на усвојување на закони.

Тргнувајќи од тенденцијата на сегашната влада за намалување на буџетскиот дефицит во услови кога една форма на оданочување како што беше оданочувањето на финансиските трансакции се анулираше, во услови кога се прават напори да се постигне една макроекономска стабилност, несомнено дека се поставува потребата од изнаоѓање некоја друга форма за надоместување на средствата кои се реализираат од данокот на финансиски трансакции. И покрај тоа, треба да ни биде јасно дека со Предлогот за кој дискутираме се елиминира уште еден товар или обврска која ја имаат даночните обврзници, како што е доставување на годишниот даночен лист, чија улога сега ќе ја има последната даночна пријава од последниот месец. Јас мислам дека една таква измена  има големо значење.

Од друга страна пак со овие измени и со измените на овој закон за мене лично, исто така значајна промена е измената со која се предвидува одредување на

репресивни мерки во случај на неплаќање на ДДВ како што е осудување на затвор од една до пет години.

И на крај би сакал да кажам што се однесува до даночната стапка секогаш кога се говори за зголемување на една стапка треба да се говори и за намалување на општата даночна стапка од 19% на 18%. Овие се накратко причините заради кои ќе гласам за предложените измени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани претставници на Владата и драги колеги пратеници.

Во целиот овој пакет мерки што започна со донесување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година и останатите по кои ќе расправаме со цел за заокружување  на мерките што ги предлага Владата во економската сфера, а како една од мерките за полнење на испразнетата буџетска каса е и Предлогот за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност, со Предлог-закон. По вистинската инвазија во трошењето на буџетските средства од претходната власт небаре буџетската каса е бунар без дно и престанувањето  на важноста на данокот за финансиски трансакции, таканаречениот воен данок со 31.12.2002 година  износот од 6,4 милијарди денари што беа собрани од деловните субјекти во 2002 година, во оваа буџетска година мораше да биде надополнет со друг извор на буџетски приходи за да се покријат нараснатите потреби на буџетските корисници, иако скратени во веќе усвоениот Буџет за 2003 година за 9,6%, или за 7,333 милијарди денари, средства кои ќе му се враќаат на стопанството за негово закрепнување. Иако мерката што се предлага не е популарна, ја иритира и опозицијата и широките народни маси, па секоја Влада настојува да ја избегне, односно како последна можност ја користи мерката за зголемување на даночното оптоварување на средствата за широка потрошувачка од причина што тоа има директен одраз на зголемувањето на цените и опаѓање на животниот стандард на населението, посебно на сиромашните социјални слоеви. Но, во услови кога и стопанските субјекти се целосно исцрпени, од двете зла Владата мораше да го избере помалото, враќајќи му ги на стопанството средствата од укинатиот данок на финансиски трансакции, ослободувајќи го од оваа давачка. А од друга страна

предлагајќи ред други мерки што ќе ја поттикнат деловната иницијатива создавајќи амбиент за зголемување на вработувањето се очекува тоа позитивно да се рефлектира и на стандардот на населението, па со тоа поамортизиран да биде и ударот од зголемувањето на повластената даночна стапка од 5% на 18%. Поисцрпни аналици предлагачите пресметале дека позитивен ефект ќе има намалувањето на општата даночна стапка од 19% на 18% од која што група се собираат и најголемиот процент на приходите што подлежат на данокот на додадена вредност, односно тие прецизно пресметале дека на тој начин даночното намалување ќе изнесува околу 1 милијарда денари. Со оглед на тоа дека 87% од производите и услугите се во опфатот на даночно зафаќање од 19%, а само 13% од производите припаќаат на групата со даночно оптоварување од 5%. Заклучокот е дека разликата од 13% даночно оптоварување ќе ги зголеми цените на помал број производи за широка потрошувачка, односно тоа е околу 42% од опфатот што досега се оданочуваше со повластена стапка од 5%. А додека повеќе од половината производи, односно 58% останува во групата со повластена даночна стапка од 5%. Всушност тоа е се она што се предлага во член 5 од Предлогот, односно измената на член 30 од Законот за данокот на додадена вредност. Со приближувањето на двете даночни стапки на ДДВ и со оние што остануваат со повластена даночна стапка од 5% проекциите на изготвувачите покажуваат дека приходите од данокот на додадена вредност што ќе се слеат во буџетската каса во 2003 година ќе изнесуваат околу 2,1 милијарда денари и ќе имаат индексен пораст од 15% во соодност со споредбениот период, односно 2002 година. Предлагачите на измените во Законот воделе сметка не само за тоа како да се пополни буџетската празнина, односно буџетскиот дефицит, туку увиделе и некои други недостатоци што предлагаат да се корегираат со овој предлог-закон. Како што е на пример укинувањето на годишната даночна пријава 13-та на број со што им олеснува на даночните обврзници, укинувањето, регистрацијата на малите даночни обврзници со кои мерки се придонесува за олеснување и помала административна работа и за даночните субјекти и за целиот административен апарат што работи и што ја контролира оваа материја. Сметајќи дека во даночните ослободувања при увозот во член 27 од важечкиот Закон не се опфатени проектите финансирани од странските донации, се корегира и овој недостаток, така што тоа би имало позитивен ефект за нивно користење. Имајќи ја во предвид и онаа народна поговорка дека стравот лозјето го чува, предлагачот ги менува и зајакнува казнените санкции со вметнување на нов член 60-а со кој се предлага даночните обврзници да бидат казнети кривично и со

казна затвор од 1 до 5 години, ако во пропишаниот рок не ја поднесат даночната пријава, ако не го уплатат пресметаниот данок, или намерно ја прикријат неговата висина се со цел да се стекнат со противправна имотна корист. Сметам дека со оваа мерка ќе имаме поцелосно и поефикасно прибирање на средствата од данокот на додадена вредност, ќе имаме понавремени податоци за висината на даночната основица, бидејќи нема да се чека годишната даночна пријава и дека нашето даночно законодавство конечно ќе биде ефикасно. Како што напомнав на почетокот, иако оваа мерка што се предлага е непопуларна, но кога можностите за изнаоѓање друг избор на буџетски приходи се лимитирани, верувам дека Владата и самата во последен момент кога веќе се утврдило дека тоа е единственото излезно решение за завршување на започнатите преговори со ММФ и склучување на нов аранжман, го предлага ова решение. Не од причина што така сакала, туку затоа што така морала.

Јас ќе дадам поддршка и ќе гласам за Предлог-законот по кој што сега расправаме, верувајќи дека оваа Влада, овој Парламент не му мислат лошо на својот народ. Но, соочени со фактот дека институциите на системот мора да функционираат, а договорните обврски мора да се почитуваат и плаќаат, а притоа драстично кратејќи ги нивните апетити онаму каде што недвосмислено се потврди дека се мегаломански, расипнички, нерационални примери на кои укажавме при разгледувањето на веќе усвоениот Буџет за 2003 година. Верувам дека со целиот овој пакет мерки што се предлагаат во економската и социјалната сфера ќе се добие позитивен ефект со што ќе се амортизира незадоволството кај народот од зголемувањето на дел од производите со даночно оптоварување од 5 на 18% како една наметната неминовност.

Драги колеги пратеници, неможеме сега да бидеме душегрижници дека многу го жалиме народот што ете сега се зголемуваат цените на многу производи. А зошто не бидеме искрени, мислам опозицијата, и не кажеме дека многу жалиме што некои наши директори, секретари и други раководни лица 100%, или 1000% ги зголемуваа цените при нивните бизнис зделки на товар на народните пари. Зошто тогаш не мислевме дека овој народ е сиромашен и неможе да плаќа пижами по 8000 денари, кломпи по 1200 денари, термо печки и клима уреди по астрономски цени, месо, сувомесни производи и ред други бисери на претходната власт. Па и тоа драги пратеници го плати овој сиромашен народ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓи Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Господине претседателе, господине министре, колеги пратеници, овде не би сакал да должам затоа што  ова е еден од законите кои одат во пакет заедно со Буџетот. Очигледно е дека позицијата ќе го изгласа и овој закон, меѓутоа треба да се напоменат неколку работи, или елементи кои што континуирано се внесуваат во дискусијата и мене ми делува како да позицијата е вакцинирана од сиромаштија па ништо не чувствува.

Прво би сакал да кажам една работа дека заради тоа што  успешно бил укинат данокот за финансиски трансакции па сега се воведуваат нови мерки. Да кажеме дека тој данок за финансиски трансакции пред се беше вонреден закон, вонредна мерка и инаку популарно беше наречен воен данок. Со други зборови тие средства беа наменети за потребите кои што беа за состојбата на земјата во тој момент, што значи една воена состојба, набавка на материјали за одбрана на земјата и се друго што е потребно за одбрана на земјата. И тој закон траеше, или беше изгласан со одредена важност до последниот ден од минатата година, односно до завршување на тој кризен период во одбраната. Јас не верувам дека некој и од сегашниот состав кога би бил во таков момент во минатиот состав  дека  би гласал против еден таков воен данок. Меѓутоа, се оградувам, секој има свое лично мислење.

Меѓутоа, овде што се случува сега? Имаме зголемување на данокот на додадена вредност од привилегираната состојба од 5% на 18%. Не би сакал да ги набројувам истите елементи кои претходно ги кажаа многу пратеници што се поскапува на тој начин и како. Во здравството поскапува буквално се, и ако исклучиме дека од вкупните средства кои се трошат во здравството одреден дел на парите се само за плати, а друго се се материјалните трошоци плус струјата, ќе сфатиме дека стандардот на здравството рапидно ќе падне во услови кога нема нови извори на средства во здравството. И ова е само по себе логично и мислам дека не треба да го образложувам. Меѓутоа, кои консеквенции други покрај понискиот здравствен стандард ќе се појават во друштвото. Прво, стануваме најскапа земја реално во регионот во поглед на лековите и сите други потрошни материјали. Една ваква дискрапанца на цените на лековите и се друго што е во доменот на здравството во однос на соседството, сигурно дека ќе направи една добра стимулација на сивата економија и ќе почне преку граница да се носат лекови. И мене не би ме изненадило на лето на пазарите покрај салати, како што беше еден период да имаме повторно и лекови кои се продаваат по пазарите.

Друга работа која што исто така е многу лоша во однос на овој сегмент, да не ги набројувам претходните, ќе кажам дека ние како земја со мала популација 2 милиони за фармаколошкиот сектор, или компаниите не сме интересен пазар. Проблемот на регистрација на лекови кај нас и големите цени кои се постигнуваат сигурно ќе го намалат дефинитивно интересот на големите компании за регистрација на тие лекови кај нас и ние влегуваме во една сфера на користење на веќе познати лекови кои ги имаме и скапи, меѓутоа тешко и аплицирање на нови и современи лекови кои ќе бидат тренд во здравството во светот. Сето ова сигурно ќе се реализира и како пад на здравствениот стандард и како сиромаштија. Бидејќи работата е јасна дека овој закон ќе биде донесен и дека јас оваа ситуација неможам да ја изменам без разлика на мојот еден глас што го имам, би го замолил иминистерот како што реферира при објава на зголемување на намалената стапка, како што реферира за новинарите, издавачите и тн., барем еден сегмент од лековите да ги тргне на страна, или да бидат по намалени стапки, мислам на анксиолитиците, седативите, затоа што тоа што ќе не боли, ќе не боли, барем многу да не платиме.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Јас се извинувам што, еве можеби монополизирам малку ова со репликата. Неколку пати беше споменат воениот данок. Да се потсетиме, дека тој имаше еднаш временски рок до кога ќе трае. Заради проценка на претходната Влада дека ситуацијата е уште критична, тој се продолжи. Сега сеуште опозицијата тврди дека ситуацијата е критична и нема никакви гаранции дека тие немаше да го укинат, или дека ќе го укинеа, мислам нема никакви гаранции за тоа. Да се потсетиме, тој данок ги оптоваруваше како компаниите така и граѓаните. Четири пати се оданочуваше со по 0,5 еден ист производ од влегувањето во царинењето, ако е репроматеријал до обработката, до следниот што ќе ја продава, па до купувачот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Сакам да кажам дека никој закон кој воведува данок не е популарен. Јас сакав да ја нагласам само состојбата дека јас во овој Парламент не гласав тој закон да се укине. Со донесување на тој закон беше и терминиран рокот до кога тој ќе важи. Мислам дека повторно се внесува една нова инсинуација околу тој закон. Законот беше со намена, јас не се соглсувам дека е добар. Ниедна давачка не е добра. Меѓутоа, тоа беше една вонредна состојба на нашата земја. И јас не верувам дека и

господинот Макрадули не би гласал во едни такви услови поинаку освен што би гласал како што и јас би гласал.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Јас ќе бидам многу краток. Само ќе поставам едно прашање, зошто и на кој начин ги злоупотребивте парите во здравството, а сега зборуваме и кукаме дека ќе се зголеми цената на лековите. За среќа, или несреќа јас сум баш од Гевгелија од каде што почна моментот на злоупотребите во здравството, добро ги знам. Овде за тоа не би сакал да се задржам. Но, основното прашање, тие пари беа сепак пари на осигурениците.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Прво, околу тие мауси и тие работи што ги зборувавме и пратеникот сега што зборува, јас ќе ви кажам. Овде веќе имам документи за кои во три дена се направени во Фондот за здравство во периодот крај на декември, почеток на јануари од 80 милиони денари. И ова ќе го дискутираме утре на седницата за поставување на пратеники прашања, или понатаму.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Прво ќе ве замолам вас да не дозволувате повеќе некои препотентни суштества да не навредуваат. Последните зборови на господинот Оровчанец беа навреда не само за пратениците, не само за Владата, туку и за сите граѓани на Република Македонија. Мислам со неговиот предлог за кои лекови да се увезат и да се продаваат по повластена стапка, не навреди пред се нас како пратеници, ја навреди Владата, како личности настрана од политички аспекти.

Трето, најверојатно тие лекови ни ги препорача да заборавиме на сето она што се случуваше во минатото. Јас навистина немам никогаш намера да се враќам на она што било во минатото, но чувствувајќи се во една ваква ситуација се запрашувам, изгледа тие лекови ни ги препорача за да заборавиме зошто Битола, на директорот во Битола му беше наредено да купи пеницилини на кои што рокот им е

поминат и кои што за следниве 10 години нема да ги потроши. Зошто Битола има пластични колкови и сите  тие други работи и оние помагала и не се плашете, оваа стапка нема да влијае, бидејќи се набавени за следниве 30,40 години и сега ни ги препорачува тие лекови. Затоа ќе ве замолам од сега не дозволувајте на ваков начин да бидеме навредувани ние пратениците, а и целата македонска јавност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Гештаковски има реплика на г-динот Оровчанец.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Мислам дека почитуваниот господин Оровчанец не ги слушна најавите на Министерството за здрвство и Фондот за здравствено осигурување дека со новите распишани тендери што ќе следат набрзо и новиот начин на работа и новиот принцип на штедење што е основен принцип и на Министерот за финансии и на конципираноста на Буџетот на овој закон, дека ќе паднат цените на лековите. Не само за овие 13% што се зголемуваат туку за некаде 15-20%, бидејќи дијапазонот за пад на лековите е тој. Од едноставна причина што повеќе нема јавни набавки без тендери, што повеќе нема да има наместени тендери, што повеќе нема да има тендери со откриени тендери, со темпирани понуди итн. Заврши времето г-дин Оровчанец кога едни пижами се плаќаа по 8 илјади, заврши времето кога килорам сирење чинеше 800 денари, заврши времето кога еден обичен компјутерски глушец чинеше илјадници евра, тоа повеќе ќе го нема и ќе се создадат услови и ќе се заштедат многу пари за да цената на лековите падне.

Што се однесува до потрошениот медицински м атеријал и спомнатите тука колкови, сакам да ми одговорите дали во вашето министерување имаше случаеви на продадени вештачки колкови и колкава количина од хуманитарна помош. Добиени колку од хуманитарна помош, ги продававте за готова пара. И сега, ве молам, тука крокодилски солзи роните и се грижите за сиромашниот слој на граѓаните.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор г-динот Оровчанец.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Пратеникот кој рече дека ги навредувам, доколку некој се најде навреден, јас ќе се извинам. Меѓутоа, не мислев никого да навредам. Сигурно.

Второ, не се работи за амнезија. Реков за сосема други работи.

Трето, веќе овде, овој период што го нагласи Гештаковски дека почнало да се работи исправно, јас кажувам дека веќе има сознанија, имам документи, дека за 80 милиони денари се набавени материјали без тендер. Тие работи ќе ги проследам, според ситуацијата како имам сознанија за нив и документација.

Наредна работа, бидете сигурни дека прв ќе поздравам намалување цена на лековите со успешен тендер или било што друго во име на здравството, во секој случај. Прв ќе го направам тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-дин Сарач.

ГАЈУР САРАЧ:

Почитуван г-дине претседателе, членови на Владата, колеги пратеници,

Со предлогот на законот за измена и дополнување на Законот за додадена вредност, во членот 39, со прекинување на поднесување годишна пресметка за данок на додадена вредност, што се носи заклучно со 28 февруари, а за претходната година, се направи добра работа. Исто така, цела година, месечно или тромесечно зависи од големината на направениот промет се носат кумулативни пресметки за ДДВ. Има несогласување односно неслагање помеѓу месечните и тромесечните и конечните пресметки на ДДВ.

Исто така, при поднесување на исправки околу ДДВ се носеа само разлики што доведуваа до несогласување при поднесување на конечната пресметка на ДДВ од една и несогласување со месечните и тромесечните пресметки за ДДВ од друга страна.

Со новиот предлог во членот 41 - а, - исправките ќе се носат во други целосна цифра, што значи дека исправката ќе биде пресметка што кумулативната ќе ја направи ништовна.

Се поставува прашање, дали Владата размислува за некои бенифиции за оние купувачи кои не се даночни обврзници, поединец како потрошувач. Знаеме дека ДДВ кај нас се воведе на 1.04.2000 година. Ова не е кој зна колку долг период, за негова надградба, менување, усовршување итн. Мислам дека треба да се почне со размислување со овие бенифиции, за оние кои не се даночни обврзници. Оваа категорија на потрошувачи само плаќаат ДДВ а немаат никакво право на повраќај.

Со воведувањето на електронските регистарски каси ќе мора да се изнајдат решенија за стимулирање на вкавата категорија на потрошувачи за нивно поактивно вклучување за поредовно, поажурно и поефикасно евидентирање на ДДВ кај

даночните обврзници при продавање на стоки. Односно, ако се изнајдат бенефиции, ако се најдат симулансии за оваа категорија потрошувачи може да се прошири и базата на даножните обврзници. Бидејќи при барање на сметка, не е само тоа дека дадената сметка е сигурност за евиденција на тој промет и ДДВ, што го носи тој ист промет, туку тоа е гаранција дека продавачот е даночен обврзник.

Освен ова, се елиминира и дискриминацијата околу пријавениот и непријавен промет на даночниот обврзник. Ако продавачот не даде сметка и тој што треба да ја земе сметката нема интерес за таа сметка, тогаш непријавениот продолжува со работа и во обратен случај, непријавениот или се пријавува или станува даночен обврзник или пак не може да продава.

Има многу примери за ваков вид бенифиции. Има држави каде половината од дадениот ДДВ кај оваа категорија на потрошувачи се враќа назад. Со собирањето сметки и поднесување до управата за јавни приноди, но основицата не може да биде поголема од месечните примања на потрошувачот. Има држави каде што обврзниците добиваат 30% од платениот ДДВ назад. Има држави кои даваат 70%. Но, мислам дека веќе е време за вакво размислување и сигурно сстручњаците во Министерството за економија ни го предвидуваат.

Благодарам господине претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам и благодарам за концизноста на излагањето.

Има збор г-дин Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, почитувани пратеници,

По повод Предлогот на буџетот за 2003 година што го усвои парламентот вчера, поднесов амандмани што Владата и Парламентот не ги прифатија, па имаа за цел подобрување на условите за живеење на граЃаните во населените места и општините. Само да потсетам, еден од амандманите се однесуваше на обезбедување средства за реконструкција и санација на клизиштата во Велес, во Ростуше каде што се планираше да се продолжи со санација од минатата година. Тоа не се прифати. А, веќе е јавено, за нова појава на ново клизиште на земја во Јеловјане, и тоа денес. Бидејќи ќе стаса барање за сметка Владата ќе мора веднаш да изврши пренамена на средстсвата од една стапка во друга, бидејќи немаше предвидено среддства во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за

стапката реконструкција и санација на клизиштата на земјиштето. Тоа можеше да го направи вчера. Треба да се дејствува многу брзо на санација на теренот и заштита на граѓаните во тие населени места.

На дневен ред денес е Законот за изменување и дополнување на Законот на додадена вредност. Во дел од овие измени се предвидува и зголемување на повластената даночна стапка од 5% на 18% и тоа на електричната енергија, лигнит, јаглен, огревно дрво, мазут, разладување и греење.

И второ, првиот промет на станбени згради и станови кои се користат за станбени цели.

Овие две ставки со нивно зголемување од 5% на 18% директно ќе се одразат на стандардот на граѓаните и на градежните претпријатија, а со тоа и на вработените во овие претпријатија на работниците кои се ангажирани на градежните активности. Владата изјави дека нема да учествува и нема да финансира во изградбата на станови за граѓаните, дека Јавното претпријатие за станбен и деловен простор нема да постои, дека нема нови договори со банката на Советот на Европа, нема да има изградба на нови 2000 станови за граѓани со ниски приходи што беше во постапка. Од друга страна, треба да се создаваат услови за работа на македонската градежна оператива во станбената изградба и можности за купување на станови со поволни услови.

Минатите две години условите за купување на станови од јавното претпријатие беа со рок на отплата на 15 години, а според анализите на Министрството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за станбен и деловен простор наредниот период требаше да се зголеми рокот на отплата на 20 години на тие станови.

Почитувани пратеници, во време кога станбената изградба после многу години почна повторно да се развива во сите градови на РМ, во градови каде што после 20 години прв пат почна да се градат станови и кога се создаде можност и услови граѓаните под поволни услови да купуваат станови имаше зголемување на станбената изградба. Сега со овој предлог на Владата за зголемување од 5 на 18% данок, повторно станбената изградба ќе биде во застој бидејќи услови за развој и градба ќе нема.

Пред да се донесеше оваа одлука за зголемување од 5 на 18% данок на становите требаше да се донесат повеќе мерки, програми, закони, законот за градба е во тек само треба да се достави до Владата и до Собранието, каде што ќе се создадеа услови за работа и по оваа стапка на 18%. А, во исто време требаше да се

создадат можности граѓаните да можат да купат станови под поволни услови и со овие 18%.

Владата излезе со став дека ова зголемување нема да се одрази многу во приходите. Општата стапка обезбедува околу 87% од даночните приходи по основ на ДДВ, а по овластената стапка само 13%. Досега, да потсетам во повластената стапка беа становите и електричната енергија. Тогаш зошто кога имаме потреба за изградба и купување на станови од граѓаните, Владата дозволи да има зголемување од 5 на 18% кога таа стапка замо влијае со 13% во приходите. Ако се оди со став од друга страна да се зголеми данокот значи се очекуваат големи приходи од зголемувањето на овој данок и со тоа Владата само потврдува дека во претходниот период навистина имаше зголемена станбена изградба и во претходниот период се создале услови за ангажирање на градежните претпријатија и се создале услови и можности за купување на станови од граѓаните. Затоа и сака да ја зголеми оваа даночна стапка од 5 на 18%.

Македонската градежна оператива ќе има големи штети од ова зголемување на данокот, затоа што:

прво, ако ги зголеми цените на станови, ќе има помалку побарување на станови а со тоа ќе има и помал обем на работа во градежништвото;

второ, ако не се зголемат цените на становите тогаш градежните претпријатија разликата ќе ја бараат по намалување на средствата наменети за технолошки развој, значи имаме пак штета. Ист е примерот и со Електростопанство. Електростопанство на Македонија нема да инвестира во развој, нема да има нови инвестиции, и тоа нема да се одрази само на електростопанство во нивниот развој. Негативниот ефект ќе се одрази и на бројните изведувачи, производители од многу индустриски дејности со кои Електростопанство на Македонија секогаш ги ангажираше за нивното производство. По повод Предлог буџетот за 2003 година, Владата изнесе став дека државата нема да инвестира или ќе инвестира многу малку во изградба на патишта водоводи и други инфраструктурни објекти потребни за подобрување на условите за живеење на сите граѓани и поддршка во единиците за локална самоуправа во обем и начин како што се инвестираше во претходниот период и претходната Влада. Односно нема да интервенира во јавните претпријатија што се наменети за инвестиции и производство. Меѓутоа, што се случува сега. Владата му нареди на Електростопанство на Македонија да не ја зголемува цената на електричната енергија во пазарни услови. Значи, со ова се потврдува дека Електростопанство добро работеше во овој период. Кога може да го

издржи зголемувањето на данокот од 5 на 18% без да ја зголеми цената на електричната енергија. Од друга страна како тоа сега Владата интервенира во работата на Јавно претпријатија Електростопанство на Македонија и дали Електростопанство на Македонија нема да има загуба во своето работење. Со тоа капиталот и вредноста на Електростопанство ќе се намали и тоа пред неговата приватизација. Останувањето на иста цена на Електричната енергија е многу важна за граѓаните. Меѓутоа, заради тоа не требаше да се зголеми данокот од додадена вредност од 5 на 18% а не со политичка наредба на Електростопанство да не ја зголемува цената. Тоа ќе потрае извесен период. меѓутоа после тоа цената ќе се зголеми и тоа многукратно. Вредноста на Електростопанство ќе се намали, а со тоа и граѓаните и државата ќе имаат загуби и нема да има развој.

Почитувани пратеници, претставници на Владата,

Требаше да се направат прецизни анализи за зголемување на данокот од додадена вредност за становите. Во тоа требаше да бидат вклучени и претставниците на Министерството за транспорт и врски. Претставници на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор и градежните фирми за да се добијат презицни податоци за тоа како ќе се одрази зголемувањето на ДДВ во градежништвото и кај граѓаните. Откако, имаше реакции Владата се обидува да ја ублажи оваа штета, меѓутоа сепак тоа ќе биде со краткорочно решение.

Сега може Парламентот да интервенира во Законот и да не дозволи зголемување на даночната стапка од 5 на 18%, а Владата ќе треба да направи нови пресметки и да го почитува ставот на Парламентот ако Парламентот тоа го изгласа во интерес на градбата, во интерес на граѓаните, и можност за решавање на проблемите за купување на стан од поповолни услови што граѓаните го имаа во овој изминат период.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Тромбев, реплика на Балковски.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Да. Благодрам претседателе,

Би сакал да искажам мое мислење по однос на дискусијата на г. Балковски во врска со станбената изградба. Ние точно во претходниот период имавме намалена

станбена изградба која што г. Балкоски рече дека во претходниот период се зголемила и се подобриле условите во однос на отплатата, меѓутоа, моето мислење е сосем спротивно.

Јавното претпријатие за станбен и деловен простор во претходниот период го зголеми рокот на отплата на 15 години и хипотетички вели г. Балкоски, требаше 20 години. Меѓутоа, се работи за нешто друго. Се работи за вредноста и можноста на тие што можат да купуваат.

Ние имаме една социјална категорија која едноставно не може да купи стан. Наша задача како држава е да направиме многу поширок опфат во однос на можноста на сите граѓани да можат да купуваат станови, што се надевам дека тоа оваа Влада во наредниот период ќе го направи, земјаки ги како пример развиените држави каде што хипотекарните кредити и хипотекарните банки го овозможуваа тоа на долги рокови, на 35-50 години.

Уште една работа што господинот господинот Балковски заборави во своето излагање да каже, за становите кои во претходниот период беа злоупотребени баш луѓе од претходната номенклатура.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Само да ја појаснам некои работи.

Поранешната Влада, Министерството за транспорт и врски и Јавното претприајтие за стопанисување со стамбен и делвоен простор имаа програма за изградба на станови, што оваа Влада го нема и досега ја нема направено таа програма.

Во таа програма се содржеше изградба на станови за комерцијална продажба и изградба на станови за граѓани со ниски примања. Тоа беше од банката на Советот на европа каде ние го завршивме проектот од 804 станови и после отпочнување со изградба, слободно можам да кажам ги дадовме на оглас и ги поделевиме, затоа што имавме договор со банката на Советот на европа за оваа година да почне нова изградба на 2 илајди станови. Со тоа , ова прашање полека ќе почнеше да се решава затоа што 20 години, тоа е доказ, во Македонија немаше толкава стамбена изградба како што имаше во изминатите 2 години.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави госпоѓа Цветле Јанеска.

ЦВЕТЛЕ ЈАНЕСКА:

Почитуван претседателе, почитувнаи министри,колеги пратеници,

Немам намера да ги елаборирам причините поради кои ќе гласам за овој закон, но ме побудија колегите пратеници кои во своите дискусии искажаа една грижа дека овој закон ќе предизвика негативни ефекти во работењето на Електростопанство и дека ќе ја влоши и онака лошата финансиска состојба на претпријатието.

Навистина во овој дел го делам мислењето на колегите и јас се согласувам , но како кадар кој доаѓа од редовите на ова претпријатие, сакам да го искажам и да го нотирам мисклењето дека штетата што би ја направиле 5 Сугеревци би се компензирала и би се претворила во позитивен ефект на вкупното работење на претпријатието. Јас сум убедена дека вакви кадри нема да се појавуваат и нема повеќе да се толерираат, а со тоа претприајтието ќе се снајде во една клима на по економично и пред се чесно работење и со тоа ќе имауслови да се справи со потешкотиите кои ќе ги наметне, евентуално, примената на овој закон.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Јас кажав со податоци, децидно, дека Елктростопанство на Македонија, ако може да ја издржи цената на зголемвуање од 5 на 18%, значи имаме состојба дека ЕСМ во изминатиот период добро работел. Инаку од каде можат да се добијат тие средства, ако не е добро работено и со овие сите шпекулации кои се кажуваат во јавноста.

Од друга страна, тие 13%, со политичка одлука на Владата да не ја зголемува цената на електричнаа енергија вредноста на капиталот на ЕСМ ќе се намали, во период кога ни престои приватизација на тоа јавно претприајтие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Љупчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, членови на Влада, дами и господо пратеници,

Ние за секој закон можеме да дискутираме стручно , колку што ги разбираме работите, а можеме и политички.

Нормално, опозицијата ја користи својат аположба да напаѓа и воглавном сите свои дискусии да ги насочува повеќе во политички , конфузни напади отколку реално да ги согледаат потребите на било кој закон.

Јас кога станав пратеник си ветив дека претходната власт нема никогаш да ја потсетам што направила. Имено они успеале да направат филозофија од владеење само на една единствена реченица, а тоа е -така вие правевте. Резултатите од тоа ги видовме. Казната ги стигна. Затоа си ветив дека нема никогаш да ги потсетувам. Но, некој од нив пак не потсетија што ние сме ветиле во нашава програма, па мислам дека е место од моја страна да одговорам на тие потсетувања.

На пример, некој прочитал во нашава програма дека сме ветиле дека ќе се прошири овластена даночна стапка. Точно е, бидејки јас учествував во пишување на таа програма, само не кажува дека таа програма е за 4 години , а не е за 4 месеци.

Она што ми е жал што не успеав тогаш да го предвидам, и не успеавме да го предвидиме е во таа програма да напишеме дека има три фази и тоа: Првата фаза е санација; Втората фаза е стабилизација, а Третата фаза е разум. Се надевам дека ќе стигнеме до  третата фаза во тие 4 години, бидејки имаме многу работи да санираме, од она што затекнавме.

Истото тоа важи и за втората забелешка од експозето на премиерот, дека ќе следи даночното растоварување. Претпоставувам дека тоа даночно растоварување, ако сите заедно во овој Парламент работиме за доброто на оваа држава, ќе следи.

Третата забелешка е дека ние сакаме да го убедимеовој народ дека ќе има помалку даноци и оптоварувања ако ние го намалиме опфатот на повластената стапка односно  го зголемиме ДДВ од 15 на 18%. Значи за 13%. Сега тука секој иа своја логика. Сега туак се најголмите дискусииод страна на опозицијата каде што на упростени примери, на толку едноставни, зборот едноставен сепак е коректен збор, јас би рекол прости примери, сакаат да го убедат граѓанството дека ова ќе има стравични ефекти.

Јас сега реков дека нема да им ја спомнам нивната филозофија-така вие правевте, но сепак ќе спомнам, но во позитивна конотација.

Они воведоа данок од 19% и тоа  како читам во материјалите, чиј опфат е 87%, успешно . Само, немојте, ве молам да ми кажувате дека сте размислувале за граѓаните, оние повластените 5%, што останаа и што овде некој од пратениците ги прочитаа, дека сте имале многу голема грижа за граѓаните. Едноставно се исплашивте, како што ние се исплашивме да го воведеме , се исплашивте дека ќе

дојде до некоја социјална ерупција. Не се случи тоа, успешно успеа вашиот министер да ги демантира и најголемите наши економски теоретичари. Секоја чест.

Негледам дека по таа логика и овие овде, од тие 13% 48 се тие што ќе им се зголеми и дека по таа логига граѓаните нема исто така во голема мера да го осетат, односно ќе го осетат. Логиката е иста, посебно што истата екипа го советува министерот Гошев, што го советуваше и работеше со вашиот министер Груевски. Но, не е тука целата приказна .

Ние забораваме дека санацијата што треба ние сега да ја направиме, мора некаде и да се плати. Ние забораваме дека овде има работи кои неминовно и тоа е кажано во експозето на министерот за финансии, мора да се покријат тие фиксни трошоци.

Некој овде спомна зошто не се зголемат даноците од друг износ, персонален данок. Јас не сум економист но ако знам дека треба мојот работник да го платам поскапо, претпоставувам дека или ќе го отпуштам , или нема да примам нови работници. Немојте да се сомневате во луѓето кои ја направиле во оваа пресметка дека најмалку се грижеле за граѓаните, бидејки на крај целат ни е иста, претпоставувам и на позицијат аи на опозицијата, сепак да излеземе од оваа кал. Кој е крив изошто сме дојдени до тука, ќе го оставиме тоа за друга дебата.

Некој спомна дека овие пари ќе се потрошат за Бранковиот закон.

Ако некој не ја сваќа суштината или користа од овој закон, тоа веќе е друга работа. Бидејки самиот факт на тој колега од опозицијата кој спомна дека 40 илјади се за послени, после кога го укинавте законот, 20 илјади останаа, доволно зборува. Па нека беа тие 20 илјади на кои им е регулиран стажот, значи сите придонеси беа платени. Инаку без тој закон ќе беа помалку и тие 20 илјади. Во секојслучај тоа е продуктивно вработување, а не вработување во последната изборна година од 11 илајди, кој принцип е потрошувачко или непродуктивно вработување. така што сите имаме одредени гревови, така да гикажам . Така што ние нашата Програма, а ова е еден чекор, како што реков за санирање на состојбите, ќе ја реализираме. А за тоа дали ние сме ги оствариленашите ветувања, ќе се видиме, ќе се слушнеме и на изборите за 4 години.

Јас сакав само да кажам, ова беше условно речено, тој политичкиот дел.

Сега да кажам за она што јас мислам реално за тие бројки и што овде од опозицијата не се кажува.

Овде се спомнува дека воениот данок и онака ќе се укине, бидјеки со донесувањето постоела таму некоја точка каде што се вели дека тој важи до тоа и

тоа време. Може да е тоа така и сигурно е така, но вербата е изгубена, бидејки пред да се продолжи истото тоа постоело. Како што рече нашиот координатор и ден денес од страна на опозицијата се тврди дека ова е сеуште нестабилна ситуација во Македонија. Не гледам зошто по таа логика , предходна , ако бевме на валст, а бевте на власт вие дека немаше да се продолжи. Но, тоа да го оставимеанстрана.

Сега да кажам незнам точно која беше бројката, но во секој случај нека е 3%, бидејки имаше, колку што јас ги разбирам моит еколеги што водат приватен бизнис, по триапти се наплаќаше тој данок, воен данок, или данок за трансфер финансиски, така што на крај на некои или на сите им испаѓаше дека е до 3% тој данок. Тоа го кажа и минситерот за финансии на Комисијата за буџет и финансирање. Притоа, видете какво интересно образложение е дадено. Вели тоа не го осетија нашите стопанственици. Зошто не го осетија, навистина имаат пари, како што рече министерот , ао 6 милијарди не ги осети народот дај уште 6 ќе земеме. Тоа не го осетија, како што се велеше, бидјеки нашите стопанственици од својто профит намалувале.  Сега ако овде имаме нешто зголемвуање, зошто со таа логика кај нашите стопанственици за оваа Влада да не функционира, а за претходната Валда функционираше. Но тоа не е најбитниот елемент. Најбитниот елемент е што ние со симнување од 19% на 18%, милијарда денари се ослободува во стопанството да се работи, плус овој воен данок што ќе се ослободи.

Јас разговарав со многу стопанственици кои треба да ги продуцираат работните места. Тој треба да ги продуцира работните места за да вработи нови луѓе и за да можат тие нови луѓе, да плаќаат тоа што треба да се плати.

Јас ќе поставам едно прашање.

Ако го праќате  некој наш граѓанин дали сака работа, но за да биде сега тој нов ДДВ покачен, што ќе изберат. Не ДДВ нема да се покачи, јас не сакам работа. Ве молам, ние сакаме да ја намалиме невработеноста, а баш фирмите кои се ослободени од таков данок и военито данок ќе можат паметно да ги користат тие средства. Паметно велам, ако се способни.  Тоа е друг проблем, бидјеки беше кажано и тука се согласувам со пратеникто Груевски кога рече дека ние имаме слаби менаџерски тимови. Тоа е веќе друг проблем, но условите ги создаваме.

Што се однесвуа до електричната енергија, дека е тоа политичка одлука, ве молам. И вашите 5% што ги оставивте , може да се третираат како политичка одлука. Значи да се гледаат работите и вака и онака можеме и едните и другите да бидеме во право, но факт е дека сме во една незавидна ситуација и сметам дека сите треба заедно да поработиме и да излеземе од овој санационен период.

(Со седницат апродолжи да раководи Лилјана Поповска , потпретседател на Собранието).

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има реплика господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Јас чувствувам потреба да реплицирам затоа што еден поголем дел од дискусијата на господинот Љупчо Јордановски, иако не ме спомна по име се однесвуаше на мене, со оглед што јас ја цитирав одредбата од Програмата на СДСМ.

Репликата би била само во овој дел како дообјаснвување, или ако може колегата да објасни кога вели дека , да , точно било тоа што сум го цитирал, значи тоа било предвидено во Програмата бидејки и тој самиот учествувал во нејзиното креирање, меѓутоа таа програма траела 4 години. Меѓутоа суптилно е следното прашање.

Ако Програмата се правела на веќе постоечките закони, па и на постоечкиот Закон за ДДВ и ако колегата внимателно го погледа член 30, ќе види дека во повластена стапка од 5% , во тој член има некаде 13 потточки каде се наброени производите кои се под повластена стапка од 5%. Во продолжение во став 2 има уште три точки кои зборуваат за услугите, превоз адвокатски услуги и т.н., или вкупно некаде 16 точки каде се опфаќаат голем дел на производи кои се оданочени од таа повластена стапка.

Сега зборот ми е како ја креираме самата програма. Значи во старт се елеминираат 16 точки, за да дојдат само до 3 позиции, 3 точки во тој став нов сега 5, односно член 5, од каде што почнува нивната програма. Значи, јас тврдам малку ќе му биде на СДСМ 4 години да ги врати овие точки, со овие производи, како што е предвидено во стариот член, а камо ли за она што го ветиле, кога ќе го прошират опсегот во повластената стапка, за да го надминат бројот 16 кој беше предвиден во стариот закон. Можеби кога ја креирале програмата тргнале од бројка 0, дека не постои даночна стапка од 5%, па така има некоја логика.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор пратеникот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Во однос на тврдењето дека Бранковиот закон кој се предлага да се донесе ќе биде успешен и повеќе од претходниот Бранков закон, сакам да кажам дека за негова реализација се потребни 33 милиони евра, кои што треба да ги платат сите граѓани на оваа држава, особено најсиромашните кои едвај преживуваат, а за реализацијата на законот кој што на вработените во фирмите загубари кој се однесува за фирмите загубари и кој што треба да обезбеди надомест до пензионирање се потребни многу помалку средства за донесување на тој закон, бидејќи СДСМ не дава согласност.

Исто така, би поставил едно прашање, 73 илјади работници од 850 фирми, имаат неплатено придонеси во износ од 104 милиони евра. На кој начин ќе се реши ова прашање ако одиме кон некој нови работи кој што треба да се предизвикаат со донесувањето на законот, кој што беше предмет на оваа дискусија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитувани пратеници, да разјасниме некои работи колку е можно се разбира и колку се има желба за разјаснување. Бидејќи се зборуваат податоци од ракав, констатации само да се извлече спротивна констатација, математики, кои што не се математики, туку се демагогии и намерно пласирани податоци, не наменети овде за луѓето во Парламентот, не наменети за Владата, туку наменети за некоја јавност која не прави математика. И тоа е се разбира јасно. Колку ќе се зголемат трошоците на живот. Врз основа на тоа би имале влијание со едно вакво поместување на даноците. Не повеќе од 0,5% на крајот на годината. Тоа апсолутно е пресметливо и јасно и пресметано колку е тоа. Се знае бруто домашниот производ, се знае колку е ова и апсолутно може да се пресмета тожно и тоа експертите не само македонските, туку и надворешните пресметале, не повеќе од 0,5% на крајот на годината.

Значи нема да се зголемат цените за 13%, нема да се зголемат трошоците за 13% бидејќи и тие производи, кои што ќе одат со 13%, тоа 13% во стоте посто структура на трошоци не е 13%, туку ќе биде многу помалку. Значи тие математики немаат врска. Нама да се зголемат цените на храната, што беше главниот аргумент наш зошто не одиме со некој друг вид на покачување на даноци,

нема да се зголемат списанијата, книгите, и до 31 март идната година, за становите што ќе бидат предадени ќе остане истата стапка. Зошто кај ДДВ се поместува структурата, затоа што ДДВ е се разбира најсигурен данок, тој е данок на потрошувачката, најлесно се пресметува, најлесно се наплаќа во општества какви што се балканските и другите со неуредени системи, слаби финансиски дисциплини, корупции, малверзации итн., што е производ не на една влада од 4 месеци односно 4,5 месеци, не 6 месеци колку обично се дискутира цело време, туку е производ на еден период за кој што вие знаете добро кој е, колкав е итн. Значи, да не се мамиме, да не се манипулираме, да не се фолираме, тоа е така. На г. Караџоски не му се допаѓала структурата на даноците во Република Македонија, требало други даноци да се земат. Ако се земало тој советува да не се земало, се разбира, меѓутоа, кога земаа повеќе гласаше да земат повеќе, а сега кога се намалува, а се зема помалку, тоа го претставува како големо земање. И се разбира, нашата структура на даноци се разликува од структурата на даноците на приходната страна, со развиените земји. И се разликува и се знае зошто се разликува. Во земјите на ОЕЦД персоналниот данок учествува во 26% во вкупната структура на даночни приходи, добивката учествува со 9%. Вкупно овие два така наречени дирекни даноци учествуваат со 35%. Во Република Македонија овие два дирекни даноци учествуваат со 28,8%. Значи разликата е од 35 до 28% кај директните даноци не е така страшна, но добро е да ја достигнеме ние понатаму со промените во даночниот систем. Учеството на ДДВ во земјите на ОЕЦД е 19%, во Република Македонија е 38%.

Според тоа, разлика има. Зошто не е персоналниот данок на доход. Персоналниот данок на доход не учествува повеќе затоа што подобро е во овој период да не учествува повеќе, а второ, 2001 година Владата на Караџоски ги промени стапките на персоналниот данок на доход. Ги спушти, ги намали. До тогаш имавме 3 стапки ако се сеќавате на персонален данок на доход 23%, 27% и 35%. Добро е што се сведоа на две ставки на 15 и 18% и тоа е добро, но затоа се намалија приходите. Добро е тоа што се намали затоа што се намалува цената на чинење на работната сила заради конкурентноста, која што се уште не е доволно конкурентна кај нас. Сега имавме ние советници ако ни треба некои приходи да го зголемиме данокот, односно персоналниот данок на доход. Не се одлучивме за тоа се разбира, водејќи сметка за сите овие причини.

Значи трошоците нема да се зголемат, како што некој зборува од говорницата овде. Цената на некој лек од 120 денари г. Караџоски нема да отиде на 160%, ако 13% се зголеми. Јас знам дека вие сте правник, но додека се стигне до

правник се стигнува и преку основно и преку средно, а овие проценти се учат во основно и во средно. Ако треба за јавноста за демагогија, може да кажувате и поголеми проценти. Значи тоа не е така.

Што добиваме со овој закон? Зборуваше г. Јашари прецизно и точно, рационализација на администрацијата, поедноставување на процедурите, нема 13-та даночна пријава, едната, последната ќе се смета, па потоа дерегистрирање на оние кои што немаат всушност, што да дадат како данок, да не бидат малтретирани, да не произведуваат трошоци, тоа се за најситните, значи и тоа ќе се олесни кај тие луѓе. Тоа е едната од придобивките на овој закон.

Второ, заострување на одговорноста. Даноците мора да се платат и во овој закон покрај кривичниот закон се вградува прецизно и јасно секој да знае кој нема да плаќа даноци, а тоа мора да важи за сите граѓани на Република Македонија може да закачи затвор од 1-5 години. Тоа е вградено дирекно да го читаат сите даночни обврзници и тоа е плус во овој закон. Што друго се планираше со овој закон? Планот беше бидејќи требаше да намалиме многу од приходите, да го растовариме многу стопанството, а бидејќи зборував минатиот пат, законските обврски што треба да ги плаќа државата се зголемени многу со законите на претходната влада. Не со законите на оваа Влада. Со одлуките на претходната Влада платите се зголемија за повеќе од 2 милијарди, што се пренесува во оваа година. Со законите за пензија повеќе од 2 милијарди треба да се префрлат пари во пензискиот фонд. Со законот за денационализација потпишав пред месец и пол дена 38 милиона евра една емисија, што треба да им се исплаќа на граѓаните. Тоа значи претходно потрошен доход од 4 милиона за секоја година, бидејќи за 10 години таа емисија се исплаќа. Но бидејќи такви ќе има 6 емисии за денационализација замислете ако сите се плаќаат по 38 милиона евра, тие треба да се вградат во приходите на државата. Тоа е по закон донесен претходно од претходната Влада. Треба да се врши денационализација и тоа е добро, но тоа чини и тоа треба да се плати. И такви и многу други обврски, со закон кој што мора да се води сметка дека треба да се платат, инаку законите државата не ги извршува. Ако државата не ги извршува законите, како ќе бара државата законите да ги извршуваат граѓаните. Значи фиксни трошоци и ние во такви услови понудивме намалување на трошоците за 10%, 9,6 намалување на јавната потрошувачка, затоа што мораме да го направиме тоа од причини за кои што зборував. Сега овде едно мало поместување кој што е резултат на тоа што уште за толку не се намалиле трошоците. Не за зголемување на трошоците, туку уште за толку не сме ги намалиле трошоците, а тоа

толку планирано беше од околу 2,1 милијарда да се соберат од овие промени, при што се разбира, намаливме 6,5 други, односно 8 и нешто на вкупната јавна потрошувачка, заедно со фондовите.

Значи, да ги оставиме демагогиите ова е политика на растоварување на стопанството и ова не е централна тема во пакетот на мерки, која што се користи како централна тема од страна на опозицијата, од страна на недоволно информираните и од страна се разбира на оние што сепак на некој начин со поместување на цените на некои производи, што не се храна ќе бидат се разбира малку поголеми и нема што да се лажеме во врска со тоа.

Меѓутоа, сега тие 2,1 милијарда планирани средства нема да се соберат затоа што ги исклучивме во меѓувреме становите до 31 март идната година што ќе бидат продадени, по барање на многу граѓани кои склучиле договори со утврдени цени и сега како тие да платат со склучени договори друга поголема цена. Ние ги исклучивме тие, го разбравме и ги убедивме луѓето со кои што разговаравме во врска со целиот пакет, меѓутоа тоа чини 300 милиони денари помалку од овие 2,1 милијарда денари, или точно 294 милиона денара помалку. Потоа се разбира, реагираа луѓето прашуваа дали и водата ќе помине и водата ја исклучивме тоа чини 13 милиона на годишно ниво и тоа го исклучивме од оваа сума. Потоа ги исклучивме списанијата, бидејќи сакаме да читаме весници, книги и треба да читаме, колку читаме знаеме да читавме повеќе ќе беше подобро, меѓутоа ги исклучивме и тие бидејќи можело да се случи голема хаварија во нашето читање па заради тоа баш да не читаме ни книги ни списанија. И ете, да ја отфрлиме таа грижа на совеста ги исклучивме и тие, но тие чинат 39 милиони денара помалку во сето ова. И заради тоа што не го донесуваме законот на 15 како што планиравме ќе стапи по 15 дена подоцна и заради тоа ќе собереме помалку 87 милиона денари, 15 милиона колку чинат и вкупно се собираат 433 милиона денара веќе помалку од планираните. Сега, амандмани има не уште некој производи да се исклучат од земјоделието, од здравството, па за становите да важи и понатаму е тогаш нема смисла законот. И вака е приходот многу мал, растоварувањата ги направивме по други основи. Значи ова се прецизни факти се друго е игра за политички терен, политикански терен, купување на симпатии на некоректен начин итн во политиката тоа го има но тоа е тоа, ова се фактите за кои зборував. Значи не е можно повеќе изземања и други амандмани за изземање неможеме да прифатиме без оглед колку аргументите биле грижливо одбирани и колку грижата е вистинска, колку е важна за стандардот на граѓаните и тн., затоа што за стандардот на граѓаните треба да се прашаме зошто до

сега е таков и дали ова го погодува стандардот на граѓаните или досегашното работење вкупно го определи нивото на овој катастрофален стандард на граѓаните кои што го имаат. Дали овие три месеци произведоа 370-380 илјади невработени колку што се пријавени во Заводот, според едната методологија. Дали овие три-четири месеци произведоа 80 и кусур илјади семејства да бараат социјална помош, дали овие четири месеци произведоа толку социјални случаи по разни основи во нашето општество, или тоа е производ на друг период. Да не се замајуваме во врска со тие прашања.

Цената на Електростопанство на електричната енергија и логиката која што господин Балковски ја применува за да извлече заклучок дека непокачувањето на цената би значело дека претходната Влада многу рационално работела во Електростопанство. Таа логика е антологиска и треба да ја запишеме некаде. Антологиска е навистина, дали е стварната логика на господин Балковски, што не ми се верува или е пак тоа пласирано вака да се каже во одбрана дека таму се работело домаќински, тоа е друго прашање, ама такватa логика во секој случај е антологиска. Ако се зголеми данокот на додадена вредност за 13% кај цената на електричната енергија, а Електростопанството не ја зголеми цената на електрична енергија и заради тоа произведе загуби.

Тоа значи обратно господине Балковски, дека таму се пронашле заштеди за плус 13% од вкупните трошоци, а не потврдува тоа дека таму се работело домаќински. Обратно, сосема обратно е во врска со таа логика.

Затоа што, ако некој би ги зголемил трошоците за 13% со некој данок, а вие не ги зголемиле цените за да го покриете тој трошок, значи сте нашле некои внатрешни резерви кои што некој друг не ги нашол, а тој другиот нов ги нашол тие резерви. Логиката е апсолутно таа. Се друго не е точно во врска со тоа.

Владата на Република Македонија нема да го присилува Електростопанство да не ги поместува цените, дефинитивно, затоа што анализата на цените на електрична енергија на Република Македонија компарирана со цените на електричната енергија во другите држави, а цената е исто производ кој што треба да има пазарна цена, исто ја има на целиот простор, исто чини градењето на електроцентрали колку во Република Македонија може да чини, плус освен за корупцијата колку е поголема, колку чини во Австрија, толку чини и на другите места.

Според тоа, треба да се обезбеди акумулација на развој на дефицитарниот енергетски систем во Република Македонија.

Значи, од јасни причини, од причини дека оваа Влада има пазарен коцепт, нема административни цени во Електростопанство и во сите пазарни субјекти, профитни субјекти. Електростопанство може да одлучи дали може да најде резерви или не може да најде резерви, но Електростопанство е должно да работи рентабилно, должно е да работи според пазарните критериуми. Тоа е неговата одговорност и должно е да бара заштеди и да има кнкуретни цени во рамките на поширок простор, не само во Република Македонија, бидејќи тука е монопол и од монополите знаете како оди работата. Според тоа, ова се точните информации, прецизни информации во врска со овој закон.

Овој закон почитувани пратеници веќе е вграден во буџетот што вчера вие го изгласавте. Тој е сместен во приходите што вчера ги изгласавме и вчера е сместен во трошоците исто така врз основа на тие планирани приходи беа планирани.

Цените на становите господине Балковски не биле никогаш повисоки отколку што се сега. Никогаш не биле повисоки, а тоа никогаш е за време на вашето министерување покрај министерувањето и на други, како министер во тој ресор. Значи, никој не биле повисоки. Цените на становите во Република Македонија не зависат од овие 13%. Дефинитивно не зависат. Цените на становите во Република Македонија на овој начин се формираат нерационално со сите персонални трошоци, не пазарно верифицирани трошоци, со сите недостатоци во системот заради ситуацијата со градежното земјиште, заради манипулациите со градежното земјиште на непазарен начин што се случува, заради посредништвото со градежното земјиште, заради деконтролата на комуналните трошоци и пак на еден друг непазарен начин на севкупно што ги имаме, цената на становите е повисока во Република Македонија и е ваква затоа што имаме проекти кои што веќе од типот на она со кое што се фалите, за социјалните станови, со кредит од 15 милиони долари, па сте размислувале за втор таков кредит, за да им помогнеме на граѓаните, ама тој проект господине Балковски е нанкрот проект. Банкрот е затоа што тој проект го банкротира ПУИК заедно со сите апашлуци што се случуваа во целиот период, бидејќи перцизно, точно и одговорно зборувам, еве не спомнувам личности, затоа што со тој проект кој што е покриен со 15 милиони кредит градите станови во Кратово, градите станоци во Берово, градите станоци во Прилеп, не само во Скопје, таму таа цена е рентабилна, трошоците на цена нема кој да ги плати. Ако се социјални, може и другата логика, ама тие се социјални станови, па на нив ќе се произведе загуба, за нив граѓаните не мора д платат толку колку што чинат, или некои ќе бидат подарени на некои социјални случаи. Може некој да води и таква

политика, меѓутоа, како што нема бесплатен ручек, така нема ни бесплатен стан. Прашањето е кој ќе го плати тоа? Ако не го платат купувачите на становите, тие 15 милиони долари стануваат обврска на државата, државата треба да ги вкалкулира во своите трошоци од платата на кредитот, а за да отплаќа се повеќе и повеќе кредити со банкрот кредити, ќе треба да се зголемуваат даноците, а бидејќи даноци нема кој да плаќа повеќе отколку што може да плаќа, пак се враќаме на истото - намалувајќи ги трошоците на администрацијата и ништо друго. Ние се обидуваме да ги намалиме трошоците во администрацијата.

Трошоците ги зголемува оној монополизиран Пазар со таа ПУИК организација во која што минатата година вие го дуплиравте бројот на вработени. Го дуплиравте, а тоа треба да се плати, ама тие што работат таму учествуваат во посредувањето, во изградбата на станови. Учествуваат со нивна зголемена цена и така се ѕидаат цените на становите и така доаѓаме до над илјада евра во Република Македонија.

Значи, овие 13% не се причина. Пазарот како што е формиран, опструкциите што се прават, посредниците монополизирани, тоа е причината за вака високи цени на становите во Република Македонија, а не ова.

Благодарам за вниманието.

Значи, овој закон вчера е усвоен со буџетот.

Можете почитувани пратеници да реплицирате колку сакате, ова е точно.

(Реакција на пратениците)

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодариме на министерот Гошев, меѓутоа колеги, бидејќи е 17,13 минути, јас би ве молела за договор.

Дали може да се договориме, бидејќи има уште четворица пратеници, еден е за реплика, четворица пријавени за дискусија, дали може да се договориме да го завршиме законот со гласање денеска.

Јас би ве молела, ако може да се изјасниме, бидејќи според Деловникот сме обврзани да го почитуваме Деловникот.

Значи, ако може да се изјасниме дали да продолжиме со работа додека да завршиме со гласањето за овој закон.

(Реакција на пратениците)

Ајде уште еднаш ако може.

Значи, ве молам да се изјасниме дасли се согласуваме да продолжиме со гласањето за овој закон.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Ве молам да се има предвид дека има и амандмани, за што имаме и амандманска расправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Исто така имаме и сугестии од министерот за финансии дека овој закон е извонредно важен, треба веќе да се функционализира, така да секој ден што не се завршува, ние губиме како држава. Затоа ве молам да бидеме сериозни, сепак ова е важен закон и предлагам да се изјасниме да останеме вечерва до изгласувањето на законот.

Ве молам уште еднаш да се изјасниме.

Ако има потреба и да се преброиме, иако мислам дека нема потреба.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Процедурално збор бара господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван потпретседателе,

Се работи за следното. Ние искажавме добра волја како пратеничка група во интерес на граѓаните на Република Македонија да го донесеме буџетот и останавме да работиме и покрај тоа што не беше најавено дека ќе работиме до 20,оо часот. Го прифативме тоа.

Понатаму, се договоривме за секоја работа што ќе биде продолжено работно време да се договараме однапред како координатори на пратеничките групи, а не со волја ниту на претседателот на Собранието, ниту на потпретседателите.

Овој предлог за продолжена работа не е прифатлив, затоа што не е предложен на време. Имаме Деловник на Собрание на Република Македонија и јас протесдтирам во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ што по трет пат се крши Деловникот на непринципиелен начин.

Ако вие сакате да работиме продолжено, ако оценувате дека тоа е важен закон, ако ја почитувате волјата на министерот и јас ја почитувам, треба пред 11,оо часот, или пред 10,оо часот да организираме координација, да се согласиле и ако треба ќе работиме до 24,оо часот, меѓутоа тоа е принципиелен пристап. Овој ваш предлог сега не е принципиелен.

Ние замоливме и во времето кога имавме партиска активност, а останавме да работиме да се донесе буџетот. Сега дозволете да се прекине седницата, зашто јас уште од сега ќе инсистирам утре да има координација и пратеничките прашања да траат до 20,оо часот утре. Зошто ги прекинуваме во 17,оо часот пратеничките прашања. Не е принципиелно тоа што го барате. Утре да продолжиме да работме до 24,оо часот штом сега ние предлагаме како пратеничка група или за данокот на додадена вредност да работиме во петок до 24,оо часот, но да се договориме, бидејќи се крши волјата на законодавниот дом. Мислам дека е тоа принципиелна забелешка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Колега Ѓорчев, воопшто не се согласувам со вашата забелешка, затоа што според Деловникот стандардното работно време е до 17,оо часот, освен ако Собрание на Република Македонија не се договори така. Јас предлогот го давам на гласање, на изјаснување. Мислам дека е ова максимално кокректно.

(Реакција на пратениците)

Ве молам сепак да се изјасниме, затоа што имаме укажување дека ова е навистина важен закон, а сите сме свесни што значи ова. Мислам дека не треба посебна елаборација.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Госпоѓо потпретседател, од претседателот на Собранието на Република Македонија беше кажано дека ќе работиме до 17,30 часот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да, меѓутоа, во меѓувреме добивме барање од министерот да завршиме денеска со законот. Јас мислам дека денеска редно е ова да го ставиме на гласање, а можеме од утре да се договориме со пратеничките групи, јас се согласувам и мислам дека ви е добар предлогот да се договориме за координација пред почетокот на седницата и да договориме една процедура додека не го завршиме овој пакет економски закони кој што е извонредно важен.

Јас сепак би ве молела ако може да се изјасниме во врска со овој предлог.

Уште еднаш го повторувам прашањето дали се согласуваме вечерва да работиме до изгласување на законот.

Ве молам да се изјасниме.

(Во салата дојде претседателот на Собрание на Република Македонија и продолжи да претседава со седницата)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Известен сум дека има присутни пратеници повеќе од 61, а гласале помалку, меѓутоа тоа ништо не значи.

Ќе продолжиме со работа затоа што Деловникот овозможува неколку вида на ефикасна работа.

Едниот метод е да работиме од 10,оо часот до 17,оо часот, меѓутоа ако по секоја точка има по пет дискутанти по половина час, практично нема да завршиме никогаш. Затоа, Деловникот предвидел можност да се продолжи работата.

Деловникот исто така предвидел можност да се ограничуваат дискусиите за да има време за гласање. Ако така сакате јас во иднина ќе предложам согласно Деловникот, кога ќе отвориме расправа секој дискутант да може 10 минути максимум да зборува. Одговорноста за тоа дали ќе се донесат законите од опозицијата не лежи. Вас ќе би биде задоволство ако законите не се донесат, но државата мора да функционира.

Влада на Република Македонија има некоја програма која треба да се оствари, парламентарното мнозинство преземало некои обврски и затоа сега продолжуваме со работа. Тоа нема да значи дека со бројот на пријавени дискусии ќе не обесхрабри некој, мене или тие што одлучуваат со мнозинство во Парламентот да прекинеме.

Од овие што се пријавени, господинот Жарко Крацоски бара збор за реплика на министерот Гошев.

Повелете.

ЖАРКО КАРАЦОСКИ:

Деловникот ми дава сами три пинути, иако е тоа многу малку да се реплицира на она што се искажа. Дека господине министре не е се точно иако на заминување кажавте дека се што кажавте е точно. Јас ќе ве потсетам дека вие во вашата дискусија мене лично ме промовиравте како премиер на претходната влада. Рековте владата на Карацоски, таква влада немало, како што немало ни влада на Петар Гошев. Но, тоа е едно.

Друго, господине Гошев, би ви скренал само една забелшка. Очигледно е дека предолгиот стаж што како делегат, што како пратеник вие заборавате дека денеска сте во улога на министер за финансии. Буквално учествувате во сите можни дебати, реплицирате, се однесувате како пратеник. На секој пратеник му држите лекција како треба да зборува и што треба да кажува. Се однесувате буквално исто онака како што се однесувавте сите овие години како еден добар опозициски пратеник. Меѓутоа, јас би сакал да ве потсетам дека сепак вие денеска сте министер за финансии, потпретседател на Владата на Република Македонија и би требало малку поодговорен однос да имате кога зборувате од говорница и да не делите лекции на секој пратеник како кажал, што кажал, зошто вака или онака.

Друго, вие кажавте кој како бара со проценти, но барате и вие господине министре со проценти. Граѓаните на Република Македонија, особено онеи на кои што овој данок директно се однесува, исдто така многу слабо бараат со проценти. Меѓутоа, да не се овде замајуваме, затоа што процентот од 0,5% кој што го кажавте пораст на животни трошоци, тоа за ниеден раѓанин не значи ништо освен она што значи директно дали кога ќе влезе во една продавница ако купувал одреден производ, сигурно по една цена која до денесак важела, сигурно дека за 0,5% нема да поскапи. Сигурно ќе поскапе значително повеќе и тој тоа ќе го гледа. На крајот на годината дали е тоа пораст ваков или онаков, тој не го чувствува.

По однос на лековите господине Гошев кажавте дека не сум знаел да пресметам што е 13% на 120, меѓутоа јас таа информација и таа илустрација која ја кажав ја зедов од извештај на Министерството за здравство кое го прочитав во средствата за информирање. Еве сега и вам ќе ви го прочитам. Вели: за да не дозволи поскапување на лековите Фондот за здравство ќе мора од касата да издвои уште 13 милиони евра, што е невозможно, па затоа секој лек во просек ќе се купува за 20 до 30 денари поскапо. Така објаснуваат во Министерството за здравство. Затоа што ќе значи за пациентите зголемување на данокот од 5 на 18%. Исто така, тоа Министерство кажува, нагласуваат, новите цени на лековите се косат со националната стратегија за лекови која предвидува нивна достапност во секое време и место, а тоа во превод значи ефтин лек. Тоа го прочитав од таму, јас не сум математичар да знам како се рачунаат проценти, но веројатно во Министерството за здравство кое е дел од вашата Влада веројатно и тие не знаат да рачунаат проценти. Но, факт е оној што го констатирав на крајот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Само накратко, со господинот Караџоски на оваа материја нема да полемизирам повеќе, господин Караџоски  да ви кажам нешто  вие веројатно си имате замислен профил каков треба да биде министер, каков пратеник, јас ќе ве разочарам нема да се вклопам во тој ваш замислен профил на министер, секогаш кога мислам дека треба министер да објасни јас ќе објаснам со аргументите и со тоа колку знам да објаснам секогаш. Министер не значи да седи и да молчи некој да зборува што сака и да остане така. Тоа не е министер, според моја проценка за министер. Еве ќе ве разочарам, инаку за оваа материја нема да ви реплицирам што и да кажете, кажавте многу.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Имавте реплика 4 минути, наместо 3, ова беше една минута контра реплика на вашата. Незнам што е нејасно. Треба да го знаете деловникот. Реплика од господинот Стојаноски на министерот.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Од излагањето на министерот произлегува дека зголемувањето на ставката на ДДВ не е извршено под влијание на ДДВ на ММФ, туку врз основа на анализа и самостојна одлука на Владата, а со цел покривање на трошоците од Бранковиот закон кој ќе чини токму 2 милијарди денари, исто колку и износот што се планира да се обезбеди со зголемувањето на стапката на ДДВ.

Од ова произлегува дека по покачувањето на данокот на стапката на ДДВ директно се однесува како потреба поради донесувањето на овој закон.

Второ, навистина господине министре реално постојат 47 илјади стечајни работници и работници прогласени за технолошки вишок, 100 илјади работници кои нередовно земаат плата, 83 илјади семејства кои живеат од социјална помош и тие луѓе ќе треба да купуваат поскапи лекови, детергенти, шампони, огревно дрво и други производи кои поскапуваат не заради влијанието на електричната енергија во нивната цена, туку  13% заради покачувањето на стапката  на ДДВ што директно

влијае врз нивната продажна цена. Само да ве потсетам дека оваа Влада на тутунопроизводителите сеуште им нема исплатено ниту денар, а да не ги спомнувам останатите земјоделци, сточари и тн.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Деловнички госпоѓа Каревска.

РОЗЕ ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Ве молам со оглед на тоа дека останавме да работиме и после 17,00 часот, да се почитува времето барем кое е предвидено за репликите и контрарепликите. До сега тоа не е случај затоа што некој што има да каже нешто суштински ќе го каже за три минути, а некој може и пет пати да го повторува истото и притоа само да ни го одзема времето и притоа ништо да не каже. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Балковски реплика.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Господине министер Гошев, јас навистина мислам дека вие имате цел да работите за интерес на државата. Меѓутоа, треба да сватите дека и Парламентот и пратениците во Парламентот работат за интересите на државата па и од кажаните мислења треба да ги сослушате, да ги анализирате, затоа што и ние и мислиме добро на оваа држава.

Ние имавме многу големи притисоци од страна на ММФ како што имате и вие сега. Ние со часови разговаравме со Банерџи и го убедивме становите и електричната енергија да не се покачуваат и тоа со аргументи. Тука се вашите претставници. Сега незнам зошто се согласивте, цело време кажувавте дека е намалена ставката од 19 на 18%, меѓутоа ставката за 13% е зголемена значи од 5 на 18 е зголемена за становите и за електричната енергија и тука не дадовте објаснување.

Од друга страна за Електростопанството зголемување на цената Владата кажа дека зголемување на цената на електрична енергија нема да има. Тоа е политички став на Владата, вие не оставивте на Електростопанството пазарно да каже дали ќе се намали или не, а таа зашеда е на Електростопанството. Вие нема

да давате пари на Електростопанство заради таа заштеда. Значи Електростопанството добро работело штом има таква заштеда и нема дупка во работењето од претходните години. Затоа ќе трпи Електростопанството, но ќе трпат и другите подизведувачи и производствени дејности што Електростопанството секогаш ги ангажираше. Сега нема да ги ангажира. Значи 13% е золемена таа цена нема да ја покачува цената некаде мора тие пари да бидат за становите.

Комуналиите што се високи не ги одредува Министерството туку општината и градот Скопје. Ако имаат интерес како што имаше поранешното Министерство за транспорт и врски зголемување и намалување на цената на станови, тогаш и градот Скопје и општините ќе ги намалеа, ќе имавме помала ставка на комуналии. Не гради само државата станови како што велите вие бидејќи државата работи така, становите ќе бидат повисоки. Станови градат и приватни организации, тоа се пазарни услови, дури имаме станови и по 2000 евра по метар квадратен, па се купуваат. Ако не се купуваат тогаш цената ќе падне.

Ние го донесовме Законот за градежно земјиште, одредивме цени според региони колкава ќе биде вредноста. Вие на една од седниците на Владата ја намаливте цената. Значи вие вршите распродажба на градежното земјиште а не ние што го донесовме законот. Ако толку ја цените вредноста на градежното земјиште на државата зошто не ги оставивте цените исти кои ние ги определивме. Или зошто не ги покачивте ако мислевте дека ние вршиме распродажба, туку вие ги намаливте.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ве молам да привршувате.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Еве уште нешто. Не може проект за изградба на станови за лица со ниски приходи да биде банкрот. Тоа е проект со Совет на Европа. Ние како држава, како Министерство за транспорт и врски, како Влада, како јавно претпријатие влеговме да обезбедиме услови за живеење и на таа категорија на луѓе. Тоа не може да е банкрот.

Има децидна програма, испитајте, испитувате секакви работи.

(Претседателот интервенира да ја скрати репликата)

Господине Гошев рековте дека граѓаните треба да се хранат, меѓутоа, граѓаните треба и да живеат во нешто, затоа им треба стан.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не ми се заблагодарувајте кога ви го одземам зборот.

Има збор министерот за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не помагаат некои објаснувања секој што си намислил го повторува истото, нема повторно да зборувам, кажав тоа што кажав г. Балковски и ако кажам уште еднаш пак ќе го кажете истото, независно дали е точно или не е точно, само некоја исправка.

Не ја намаливме цената на градежното земјиште во целина, туку донесовме уредба  за намалување на цената на дворното место на граѓаните кое не е е нивна сопственост, туку е со статус на користење, категорија која треба да ја снема, туку граѓаните да добијат прилика да станат сопственици, да добијат имотен лист за дворното место и бидејќи тоа не го правеа граѓаните да си ги регулираат имотните односи на дворот каде имаат куќа, Владата донесе уредба драстично да се намали таа цена за да можат луѓето да си го реализираат тоа, несметајќи на висината на приходот. Значи донесовме таква уредба не за другото градежно земјиште кое ќе си се продава каква понуда, каква побарувачка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници,

Нашите дискусии по измените и дополнувањата на Законот за ДДВ би сакал да ги сватите како наш удел во поквалитетно донесување на овој закон. Не би сакал да се сватат како нешто што е спротивно на интересот на граѓанинот на Република Македонија кои денеска многу ги злоупотребувавме и од интересот на државата РМ.

Значи на дневен ред е закон за измена и дополнување на Законот за ДДВ. Во самиот текст на законот, во прилог што ни беше доставен, беше наведено како една од главните причини поради кои се донесуваат овие измени се погодностите во склучувањето на аранжманот со ММФ. Иако има и други причини кои произлегуваат од двегодишното постоење на овој закон за ДДВ и мислам дека се нормални за негово подобрување, меѓутоа, би сакал да кажам дека ако би се исклучиле овие

членови со кои доста дискутираме од опозицијата, тоа се членовите 3,4 и 5 од овој закон мислам дека ќе биде прифатен со консензус, но очигледно ќе се коси со стратегијата на Владата на РМ и нормално со Буџетот кој вчера го донесовме.

Исто така би сакал да напоменам дека во март 2000 година кога го донесувавме овој закон опозицијата жестоко се противеше на тоа особено бараше да се зголеми опфатот на произоди кои ќе бидат опфатени со привилегираната стапка од 5% и мислам дека беше сосема нормално, нормални беа тие дискусии како што и нашите дискусии се нормални сега што ги водиме, бараме да се зголеми опфатот на производи кои ќе бидат со привилегирана стапка.

Она што би сакал да кажам за аранжманот што е склучен со ММФ мислам дека тој аранжман сериозно ги загрижува граѓаните на РМ, печатот исто така жестоко го нападна овој закон кога беше донесен, во последно време се смирија, но и по тие напади во печатот сметам дека Владата добронамерно ги свати, дел од тие производи повлече така што сега на некој начин е корегиран од првата замисла.

Меѓутоа, мислам дека при склучувањето на овој аранжман требало повеќе да се внимава, сигурно се внимавало на социјалната структура на населението во РМ која по мое мислење од 1985 година наваму полека, но константно таа социјална структура се зголемува, се надевам дека ќе дојде време кога нема да биде така, се зголемува бројот на вработените, а луѓето треба да живеат да ги образуваат своите деца, значи имаат потреба од примања кои меѓу другото ќе бидат наменети и за плаќање на даноци по однос на државата.

Би потсетил исто така во изборната кампања кажавте дека  ќе се зголеми опфатот со привилегираната стапка, но еве гледаме тоа не се случи, сигурен сум дека ќе се донесе овој закон, се надевам дека во блиска иднина ќе се случи тоа, барем ќе се врати она што беше донесено 2000 година, кога ќе се подобрат условите за живеење мораме да бидеме оптимисти.

Сакам исто така да напоменам дека и во минатата година во јуни имаше притисок од ММФ за исто вака да се зголеми данокот на ДДВ и ветуваа склучување на аранжман со ММФ дури беа подготвени да ги проголтаат и средствата од ТАТ, но сметавме дека ќе се зголеми уште повеќе социјалната структура и не го прифативме така што оваа понуда од ММФ не е ништо ново.

Дали ќе има ефекти од вака донесениот закон сигурно дека ќе има, но се сомневам дека ќе биде онака како што е проектирано во законот т.е. во Буџетот кој вчера го донесовме, бидејќи народот се повеќе троши само за исхрана значи се помалку има пари  со кои ќе ги плаќа комуналните услуги и ќе се бараат разни

начини да се одолговлечуваат и тоа ќе биде проблем за државата сигурно и затоа сметам дека нема да биде онолку колку е проектирано. Може да плаќа но ако се вработи по еден член од семејството како што ветивте, но не на пробна работа, не по договор за дело, туку работа за стално.

Намалувањето на стапката на ДДВ од 19 на 18% нема воопшто да се одрази барем на стандардот на граѓаните бидејќи општо познато е дека бизнисмените, трговците, претпријатијата повеќе прифаќаат кога ќе има потреба, услови, можности, причини за зголемување на цените, а скоро секогаш ако постои макар една причина тие ќе гледаат да ја отстранат, да не го направат тоа така што ова намалување од 19 на 18% само би го сватил како чекор кон воведување на единствена ставка на ДДВ кое го има во некои земји, тие знаат како е таму, кон тоа оди ова од 5 на 18% покачување на добар дел од производите кои се на привилегираната стапка, впрочем и ММФ слушаме дека имал и таква замисла да се предложи една ставка на ДДВ можеби меѓу 15 и 17% незнам, но проектите покажале дека тоа нема да вроди плод.

Анализите покажуваат дека главен генератор на поскапувањето се токму комуналиите. Меѓутоа, оваа Влада, што денес ја имаме на одредени јавни претпријатија се обидуваат со директиви да им сугерира да не ги зголемуваат цените, притоа, да ги трошат внатрешните резерви, т.е. заштеди од своето работење. Терминологијата штедење, мислам дека од секогаш постоела и никогаш не е доволно да се штеди, за да се намали цената на производите, но колку тоа ќе даде плод незнам. А, особено, што сметам дека Електростопанство главното за кое што сметаат дека ќе соберат повеќе средства и притоа нема да им биде доволно односно нема да им биде потребно зголемување на данокот на додадена вредност, практично, е собирање на пари од граѓаните кои што немаат платено електрична енергија, 1, 2 можеби и повеќе години.,

Тука, јас би сакал да кажам дека и ние знаевме дека има голем број на граѓани кои што немаат подмирено сметки за електрична енегија. Меѓутоа, од каде тие луѓе ќе ја платат таа сметка кога не работат. Или, работи еден со 5 илјади плата, или пак многу често ниеден од фамилијата не им работи од семејството и тука ќе биде многу тешко Електростопанство да го амортизира она што велиме да не ја зголемува цената, туку од внатрешните резерви, бидејќи, граѓаните сепак немаат од каде тоа да го платат. Инаку, мене ми е жал што министерот не е тука , сакав да кажам неколку збора, меѓутоа, не сакам во негово отсуство. Би го замолил да не употребува такви зборови како што се апашлуци, ајдуци, демагози и сл., бидејќи

до пред малку беше опозиционер. Мислам дека не доликува на функцијата потпретседател на Владата на Република Македонија. Има други поими кои што можат да се каже. Уште еднаш ќе кажам, памтењето не е заборавено и има памтење и понатаму. Може да се вратиме во 1998 година, па надолу. Впечатокот е голем, било која Влада има проневери, цел свет има проневери, но да не се враќаме назад како становите беа продавани во 1998 година повеќе од 100 илјади станови по 100 марки, 200 марки. Се знае кој ги доби тие станови. Меѓутоа, тоа е одговорноста, тоа е политиката на тогашната Влада. Таа Влада си одговара, таа може тука да се злоупотребува колку што сакаме. Јас мојот став го плаам повеќе од 100 илјади марки за 15 години. Уплатен ми е пред шест години, па се вселив после пет години. Сега, прашувам кој е виновен. Дали е Гошев виновен? Сигурно не е. Би сакал министерот да издржи до крај да биде на седницата, а не да ја запали состојбата, па да избега и притоа опозицијата да биде виновна зошто долго говори. Сигурно говори, па земете ги стенограмите и ќе видите после појавувањето на господинот Петар Гошев, министерот за финансии, се јавуваа повеќе од 10 дискутанти.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави господинот Замир Дика.

ЗАМИР ДИКА:

Ви благодарам господине претседател, претставници на Владата, почитувани колеги,

Како прво сакам да се придружам на некои забелешки, на некои пратеници кои се искажаа во врска со тоа како се третираат пратениците. Мислам дека адресата која што беше поентирана за забелешки, треба да биде испратена до претседателот на Парламентот или до потпретседателката на Парламентот кои што треба да го одбранат, пред се дигнитетот на оваа институција и на пратениците како институција, а особено кога терминологијата, која што се употребува доаѓа до Владата, а Владата е избрана од овој Парламент.

Како прво, не се согласувам со проценката на министерот за финансии, кој што вели дека, како што сакате вие може да дискутирате, но вие вчера го донесовте Буџетот и овие пари од Законот односно кои што се третираат во Законот се инкорпорирани во Буџетот. Јас не се согласувам со тоа. За тоа не би имал дискусија.

Ние имаме точка на дневен ред и треба да гласаме за еден закон. Ако го прашаме министерот, а што ќе се случи ако не го изгласаме денеска законот? Дали повторно ќе се вратиме на Буџетот. Значи, денеска дискутираме за еден закон, измени во Законот за ДДВ. Во основа има една маса и Владата смета дека треба да се преземе за макроекономска стабилност и за одржливоста на Буџетот и истото го има предложено во форма на измена на закон. Јасно е во рамките на реформите на даночниот систем Република Македонија прифати ДДВ. Врз основа на образложението што се дава зошто се предлага овој закон, првата причина се заснова на разговорите, преговорите со ММФ и веднаш потоа следи причината, оправдувањето, образложението, поради тоа што нема повеќе данок на финансиски трансакции кои што односно затоа ние сме приморани да донесеме еден закон, кој што ги зголемува даноците. Еден закон, значи овој закон кој што го дискутираме во своја основа има зголемување на даноци, еден вид даноци, т.н. ДДВ. Но, ние знаеме дека даноците за финансиски трансакции, беше донесен за одреден период претходно Буџетот функционираше и државата функционираше и сметам дека причината повлекувањето на воениот данок, мислам дека не стојат. Што сакам да кажам со ова? Јас би рекол дека го разбирам, ја разбирам и потребата и проценката на Владата дека треба да се донесе една ваква мерка за одржливоста на Буџетот. Но, би го поддржал овој став на Владата, до колку ќе излезеше пред јавноста, пред граните и ќе кажеше ние како Влада ќе ги зголемиме даноците кои што можат да влијаат врз стандардот на граѓаните, но со оваа мерка ние ви гарантираме дека ќе ја постигнеме оваа и оваа цел. Јас мислам доколку претставниците на Владата и тие што го бранат овој закон, доколку се зголеми во основа данокот на некои стоки, ако излезеа и храбро ќе речеа, почитувани граѓани, ние ги зголемивме некои даноци, тоа влијаеше врз стандардот на вашиот домашен буџет, но мерките, некои мерки се оние кои што овозможуваат ова затегнување на каишот да се претвори во бенефиција во економијата за граѓаните на Република Македонија. Јас еден ваков став лично како пратеник, ќе го поддржам. За мене е неприфатливо со разни терминологии финансиски да се покрие фактот дека ние денес ги зголемуваме даноците за некои стоки кои што се многу значајни за стандардот на обичниот граѓанин. За мене, лично членот 30 односно неговата измена се многу јасни. Значи, порано имавме данок ДДВ од 5%, тргнувајќи од електрична енергија, лекови, пред некој ден кај мене беа претседателот на пензионерите со едно барање да предложам еден амандман, барем лековите за ова население, за пензионерите да се овозможи да не се плаќаат со 18% ДДВ. Значи, од сега тие го чувствуваат тоа

дека цените на лековите ќе бидат зголемени. Исто така, од 5% на 18% и ДДВ на вештачкото ѓубре, на најлонполителен за земјоделството. Навистина, ми е жал што често пати ва го повторувам, но ова е запишано во Законот и непосредно е поврзано со стандардот на граѓанинот, соромашниот граѓанин денес. Исто така, медицинкиот потрошен материјал и тн. Становите, значи овој закон ДДВ од 5 се зголемува на 18%, јас тоа го гледам и за ова треба да дискутираме. Затоа, можеби има финансиско образложение, оправдување на разни терминологии, да речеме навистина, неможам да прифатам терминологија дека не ги зголемуваме даноците. Ова никако нема да влијае на зголемувањето на стандардот на граѓаните. Јас тоа неможан да го прифатам. Доколку електричната енергија се зголеми од 5 на 18% и од друга страна не гледам некој закон кој што обврзува Елетростопанството на Републиката да се придржува дека тие ќе ја платат оваа разлика, а дека граѓаните нема да платат ништо повеќе за електрична енергија.

Моја проценка е дека ова или ќе влијае врз рентабилноста на работата на Електростопанството или ќе ја зголеми нејзината потенција, нејзиното работење или ќе го примора Електростопанството по одредено време да донесе одлука да ја зголеми цената на електричната струја. Доколку Владата ќе имаше едно многу похрабро решение за објаснување за донесување на овој закон, ќеречеше, почитувани граѓани, ќе ја зголемиме електричната енергија за 2,3 или 4%, но со овие мерки ние ви обезбедуваме дека тоа ќе биде во вашите бенефици. Подобро едно вакво соочување, отколку разни аргументирања финансиски и разни проценти, кои што на крајот на краиштата ќе резултираат со она што го третира законот. Тоа значи зголемување на даноците.

Затоа, иако еднаш се кажа дека имаме рестриктивен Буџет, би рекол, сиромашен Буџет, мислам дека овој начин на третирање на трошоците и пополнувањето на Буџетот со зголемувањето на даноците на некои стоки кои што навистина ги тангира граѓаните и стандардот на тие граѓани, не е решение кое што ќе рефлектира позитивно во макроекономската сфера. Ние можеби ќе го наполниме Буџетот. Се прогнозира дека ќе се наполни Буџетот, но од друга страна стандардот на граѓаните во секојдневното живеење и натаму ќе паѓа, ако веќе не е стигнат до патос, до дно.

Јас мислам дека Владата требаше повеќе да инвестира во изградба на една современа даночна администрација поефикасна и да ја зголеми дисциплината на обврзувачи на овие даноци. На овој начин не ќе навлезеше, не ќе зафатеше директно во џебот на обичниот даночен обврзник, туку Владата треба повеќе да

работи, повеќе да се нагажира и да направи неколку реформи во даночната администрација.

Еден ваков приод мислам за ситуацијата во која се наоѓа Република Македонија во ова економско ниво и стабилноста на Република Македонија, еден ваков приод ќе беше многу потешко за Владата, малку повеќе работа, но немаше да влијае врз стандардот на обичниот граѓанин.

Поради овие причини парламентарната група на ДПА ќе гласа против овој закон, кој што ги зголемува даноците кои што ќе бидат на штета на граѓаните.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Аднан Ќахил.

АДНАН ЌАХИЛ:

Претседателе, пратеници, претставници на Владата, денес на дневен ред е Законот за ДДВ со дополненијата, а јас би почнал со една констатација на министерот Гошев во врска со Електростопанството, каде што рече дека Владата нашла резерви во органите на поставеност и оној сегмент на потрошувачката, за да може да редуцира и да најде начин да компензира 13%, еве условно да кажам, да не се покачи цената на енергијата.

Се прашувам, зошто, а јас не видов во анализите, претходно ги кажав, зошто таква анализа не е направено за сивата економија што постои во Македонија. Тоа значи сивата економија учествува и во минатото, а сега уште повеќе со огромен процент. Ако е целта на ДДВ, потоа ќе кажам дека ДДВ има и друга цел, да собира дел од даноците за полнење на буџетската каса, зошто не се направи една анализа, колку е наплатата на ДДВ, колку има стока во Македонија што се продава на црно, не се регистрира или на друг начин влегува во Македонија, за да може да изнајде тие резерви и од тие наплати да се подобри процентот на наплатата да нема потреба да се зголеми ДДВ од 5 на 18% или едноставно 19%. Процентот на сивата економија во последно време е зголемен, многупоретко од порано. Ако не верувате, можете да излезете на пазар и да прошетате, на пазар на големо, да видите што се роба има и со кои цени таа се продава. Од таму, ќе се излезе со заклучоци во таа смисла.

ДДВ освен што има димензии да ја полни касата, мислам дека ДДВ има и една друга димензија што не се спомнува. Димензијата на некој начин да се кредитира државата. А, тоа значи дека тие увозници кои работат или во сегментот на градежништвото или други објекти и други дејности, каде што се внесува материјал кој е од увоз, кој што се плаќа при увоз од царина и ДДВ, има можност за повраток на данокот, но откако ќе се достават соодветни документи. Тоа значи дека определен период од 3,6 или повеќе месеци се кредити на државата, а потоа државата на тие фирми им ги враќа тие пари.

Имавме многу дискусии околу висината на стапките и се рече дека во развиените земји или има една ставка или пак, како што е кај нас во градежништвото, исто така, се даноци со висока стапка. Јас само би кажал дека во тие развиени земји, а можете и да проверите, трудоинтензивните дејности, како што се кај нас градежништвото и текстилот се даночат со трета или четврта даночна ставка, со повластена даночна ставка. Имате во Белгија четири даночни ставки, од кои една е за градежништвото пониска. Данокот ќе се смета со ДДВ и тоа повисоко, додека за семејствата или за приватници да кажам, ќе немаме поскапување до крајот на годината. Па, зарем тие се елементи на пазарна економија? Или имаме поскапување на електрична енергија или немаме поскапување на електрична енергија и неможе тоа да биде поинаку.

Се зборува или се бара за бројки, кои едноставно се извлечени врз основа на математичка операција, и тие се сигурно точни во доменот на теоријата и дека во практика често пати тие бројки не кореспондираат со реалноста. Јас ќе кажам еден општ пример. При промена во Европа на еврото, каде што се знае кој е паритетот, многу цени останаа, само се промени вредноста, останаа повисоки и не се вратија назад. Значи таа работа се случува.

Многу работи ќе се случат и сега. Јас сум убеден дека нема да има поскапување на цените на артиклите врз основа на ДДВ, ама не е причина затоа што ДДВ нема да има влијание, затоа што ќе има многу роба која ќе се внесе по црни патишта, роба од сивата економија. Бидете сигурниво тоа. Таа роба од сивата економија ќе биде конкуренција на оваа роба, ќе се продава на пазарите по пониски цени но државата од тоа сигурно нема да види аир. Мислам дека многу добро и смислена работа е направена што данокот се менува од 5 на 18%, со цел да се стимулира работењето на црно. Ќе ви кажам еден пример од минатото колку беше проблематично кафето во Република Македонија, колку беше дел од сите тие шверцерски канали, беше акцизна стока и се даночеше со 60%, со акцизи, со данок и

со сите тие работи. Откако се сведе на многу ниски ставки на одданочување, можете да бидете сведоци дека ем цената на кафето  падна, ем делува дестимулативно за тие шверцерски канали да работат со оваа роба. А сигурно во иднина сите тие стоки кои ќе бидат одданочени од 5 на 18%, вклу;увајќи ги тука детергентите, сапуните и други средства за одржување хигиена од обласа на суровинските бази за таа индустрија, сигурно ќе бидат предмет на шверцување на сивата економија, затоа што ќе биде стимулативно да се заработи плус 13%, да се земат тие делови.

Господинот Гошев рече дека никогаш не биле поскапи становите отколку што се денес. Точно, многу поскапи, затоа што своевремено јас бев сведок кога луѓе земаа за илјада марки цел стан. Сега нема такви работи, сигурно, илјада марки, 800 марки, имам свои пријатели кои земаа такви станови.

(Уфрлување на пратеник со зборовите: "Пратеници, министри, социјални станови што земаа, тие не ги знаеш?")

Има, сигурно има. А има и министри од вашата власт што беа, па земаа станови за 800 марки, за 500 марки, сигурно и ти незнаеш подобро од тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам, продолжете со дискусија. Немојте да се довикувате.

АДНАН ЌАХИЛ:

Претседателе, ве молам, јас не упаднав во дискусија. Вие треба да го прекинете.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И двајцата, не на вас.

АДНАН ЌАХИЛ:

Бидете докрај доследни, ми упаѓа во зборот. Јас да не реплицирам? Кажете тогаш да не реплилцираме такви работи.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжете со дискусија.

АДНАН ЌАХИЛ:

Значи, се на се, воведувањето на ДДВ на ваков начин мислам дека е преурането и ќе цитирам само од весник нешто што еминентни стручњаци кажаа за

оваа работа. Професор Живко Анастасовски рече дека “Петар Гошев немаше да се најде толку затекнат, доколку за најважната проблематика од која зависи економската и социјалната судбина на земјата не ги консултираше професионалните знаења со луѓе кои веќе учествувале во вакви преговори. Со тоа ќе ја поделеше и одговорноста од социјалниот шок што ќе следува, а конечно стенд бај аранжманот може да биде индикатор за неспособноста на Владата”. Ова не сум го кажал јас или некој пратеник, ова го кажале сручаците на кои вие се повикувате и тоа од РМ. Ако тие не се во право, останатите не се во право и луѓе кои дискутираат за оваа проблематика дека директно ДДВ ќе влијае на куповната моќ на луѓето, тогаш сигурно не се има сенс и слух за овие работи. Впрочем, проекцијата на Буџетот и ДДВ е работа на Владата. Владата носи одговорност и за позитивните и за негативните ефекти. Но, она што е битно, требаше да се консултираат сите релевантни фактори при донесувањето на вакви одлуки. Вие можете да бидете сведоци дека во целиот свет со ММФ и со Светската банка кога се прават аранжмани сите земји а и Влади се доведуваат во еден ќорсокак, па сакал земал, сакал не земал. Зошто се удира баш во ДДВ? Бидејќи на тие луѓе од ММФ и Светска банка најсигурно им изгледа собирањето пари од ДДВ. А при немањето соодветна законска регулатива за собирање на другите даноци, не сигурноста - затоа се префрла топката на оваа страна.

Пак ќе повторам, сигурно, да се обрнеше внимание на сивата економија, да се најдеа начини како може да се поведе наплатата на повисок степен, сигурно немаше да има потреба од зголемување на ДДВ и денес немаше толку да дискутираме за оваа работа, затоа што во иднина ако на тој сегмент не се обрне внимание, не се направи добра анализа и план колкава е процентуалната застапеност на сивата економија во нашата економија, не се најдат начини како тоа да се наплати, верувајте, и за 30% да го зголемиме ДДВ нема да се покрие буџетската дупка, бидејќи секогаш ќе имаме расходи поголеми од даноците што се собираат. Впрочем, дсаноците се собираат за да се финансира државата, државата се финансира од даноци и нормално се прави категоризација кои се најсигурни, а кои најнесигурни даноци за собирање. Во ваква ситуација, со зголемување на овие даноци немаме само зголемување директно кај широката народна маса, каде што директно тоа ќе се чувствува, туку има и психолошки фактор и ефект. Секое зголемување на даноци, на тоа сме биле сведоци и во минатото, милуваме да кажеме во Западна Европа, па зголемувањето на даноци во Западна Европа за 0,5 или 1% доведува до драматични промени и кај Влади и во самото однесување на самата држава. Дали тоа ќе се

случи кај нас, ќе видиме, ќе оставиме на времето. Впрочем, реков и пред тоа, и позитивните и негативните ефекти се ваши. Во пазарна економија нема механизми каде што треба да се диригира наовој или на оној начин. Или работиме со пазарна економија во сите сегменти, или не работиме со пазарна економија по сите сегменти. Не може да биде договор на економија за нешто, а за други работи да биде пазарна економија. Ова сега се случува, се договараме за некои работи кои едноставно произлегуваат од договори од Светската банка и ММФ за покривање на буџетска дупка, без пазарни механизми кои ги оправдуваат таквите чекори и потези, не само во собирањето даноци, туку и пост периодот. Има една синтагма, и тоа од економскаста свера која вели: што помали даноци, посигурна е наплатата и полесно се собира во буџетот на државата, но што поголеми даноци, наплатата е помала и отвора пат кон сивата економија.

Мислам дека овој пат со овие потези што се прават во сверата на даноците се отвора патот за уште повеќе сива економија, вадење со сива економија, ненаплата на даноците и со зголемување на учеството на сивата економија на државата со повеќе од 60%, па потоа ќе видиме што ќе се случува.

Има и добри делови како што веќе некој спомна со тие годишни пресметки и со казнените одредби со казна од една до 5 години. Тоа сигурно треба или можеби треба да биде повеќе, за да биде дестимулативно за луѓе кои се бават со сива економија. Само да потсетам дека и досега имаше механизми каде што тие луѓе кои не плаќаа или криеа даноци да можат да бидат казнувани и со казна затвор и исо мандатна казна, само не беа применувани. Се плашам, во иднина да не дојдеме во таква ситуација, да имаме ем зголемено ДДВ, ем поголемо процентуално учество на сивата економија, ем да не може државата да ги спроведе своите законски одредби, кои сама си ги зацртала.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Илија Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Навистина, од страна на претставниците на Владата е тешко да се брани овој закон не пред нас и од нас пратениците, дали од опозоцијата или од власта, се едно, или од нас граѓаните и неблагодарно е, затоа може да се разберат емотивните

напливи од страна на претставниците на Владата во елаборирањето на факти и аргументи за прифаќање или неприфаќање на решенијата во законот. Факт е дека оној дел од решенијата во Предлогот на законот кој се однесува на менувањето на една цела редица производи од повластената даночна стапка во редовната е непопуларно решение, факт е дека тоа директно ќе се одрази врз стандардот на граѓаните и нивната живеачка и факт е дека на најголем дел од нив тоа нема да им се допадне, најблагоречено. Тоа е факт од кој не може да се бега и веројатно треба да се најдат аргументи за оправдување односно аргументи за нужноста на тие и такви решенија.

Во текстот што ни го достави Министерството за финансии, во причините заради кои треба да се донесе законот се даваат две основни причини, кои се прифатливи затоа што факт е дека договорот со ММФ и сите тие детали веќе се договорени. Знам дека многу тешко од таа институција ќе прифатат било какви измени, дури и за јота. Меѓутоа, она што можело да се с тори, а ние како пратеници нормално немавме ниту можност ниту  начин да влијаеме дури и добронамерно во текот на преговорите, затоа што едноставно такви се позициите кои го има законодавниот дом и Владата во тие преговори. Меѓутоа, не може со мирна совест да се прифатат тие решенија, а да не се одреагира дека можело и подобро, преговарачкиот тим можел да се избори и за поповолни решенија. Нормално, тука секогаш може да стои забелешката дека после битката сите се генерали, многу лесно да се кажуваат забелешки, меѓутоа, ќе ми дозволите сепак да го кажам она што би можело да се подобри во тие решенија, а да не влијае толку драстично врз стандардот на граѓаните и нивната живеачка. Факт е дека после донесување на овој закон, откако ќе стапи во сила, во првиот бран ќе имаме еден сериозен бран на поскапувања, кој дури и по законите на физиката ќе предизвика некои помали бранжиња кои ќе го продолжат тој процес на зголемување на цените, затоа што ќе се зголемат цените на некои основни производи кои како импути влегуваат во цената на многу производи.

Она што ќе го кажам нема да биде нешто револуционерно ниту ново, сепак, тоа е едно размислување, а нормално и она што имавме можност да го прожитаме од реагирањата на оние луѓе кои во оваа држава ги сметаме сепак за најстручни и најкомпетентни од областа на финансиите и финансискиот систем. Компилирано нивното мислење и она што беше актуелно до пред една недела а сега тоа некако стивна, дека во тие преговори можеше без да се влијае на вкупната маса на парични средства што треба да се слеат во буџетот, без да се влијае негативно на таа маса,

односно да се замени количината на средства кои во буџетот досега влегуваа по основ на данокот на финансиски трансакции, така наре;ениот воен данок, кој и со самото негово донесување беше предвидено да престане да важи со 31 12 2002 година. Факт е дека со тој данок, иако стопанските организации, посебно поголемите организации кои имаа поголеми трансакции најповеќе го чувствуваа и факт е дека тој влијаеше и делуваше на нивното тековно работење дестимулативно во најмала рака. Меѓутоа, факт е и дека на тој начин помалку или воопшто не беа загрозени интересите на најголемиот дел од населението, посебно на онаа категорија граѓани кои спаѓаат во социјалните категории.

Значи, сега имаме едно решение кое, за да ја надомести таа бројка во апсолутен износ или приближно, што ја имавме од данокот на финансиски трансакции или воениот данок, имаме решение кое диектно задира во стандардот на повеше од 60 или 70% од населението во РМ, што мора да се признае е несамо непопуларно решение, туку и решение кое директно и индиректно многу негативно ќе влијае не само на нивниот стандард туку воопшто и на стопанските текови индиректно во иднина.

Она што како решение би можело или се уште може да се реализира односно да се корегира е во тие разговори и преговори дали не би било поумно општата стапка на ДДВ да се зголеми за 1%, сега таа е намалена за 1% а повластената стапка од 5% исто така да се зголеми на еден или 2%, исто така зависно од процентите на тие прецизни математички операции, за да се добие оној вкупен износ на средства кои се неопходни за нормално функционирање на буџетот и за покривање на расходите во него. Може би вака искажано ова звучи палијативно, меѓутоа, мислам дека во тој сегмент можело да се стори нешто повеќе и би се избегнале драстичните зголемувања на некои основни производи, основни услуги кои се од витален интерес и витално значење за граѓаните и без кои едноставно не можат и оние со поплиток и оние со подлабок џеб.

Она што како заклучок би сакал да го кажам е дека заради овие причини и заради неможноста да се понуди поприфатливо решение кое помалку ќе се одрази на стандардот на граѓаните, на нормалната живеачка на секое семејство, посебно на социјално загрозените, не можам да го поддржам овој закон и решенијата што се во него содржани.

Исто така, за да не се јавувам по втор пат за збор, би сакал само краток коментар на она што го искажа господинот Гошев, како министер за финансии, за некој апашлук во работењето на ПУИГ, веројатно мислеше на Јавното претпријатие,

незнам за каков зборуваше може би имало, но не во време кога јас сум бил директор, а сето друго навистина не би сакал да го коментирам затоа што ќе се сведеме на едно ниво кое не го заслужува парламентот.

И, уште едно појаснување во однос на социјалните станови на таа катгорија. Тоа е проект кој што е наследен и кој што е договорен на ниво на Влада со Советот на Европа и Европската банка за обнова и развој. Тоа е нешто слично како што сега тимот на министерот за финансии или тимот на Владата за преговори може или сака да одбива или наметнува решенија на институции од типот на Европската банка за обнова и развој или на Советот на Европа. По природа и дефиниција самиот тој проект не е профитабилен, меѓутоа е проект кој на овој или оној начин помага со учество на државата и на овие две институции да се овозможи обезбедување на станбен квадрат за најзагрозените категории на граѓани во РМ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Реплика на г-динот Китановкси.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Господине Китановски, мислам дека не треба да ја манипулирате македонската јавност со програмата за социјалните станови. Програмата за социјалните станови не е спорна, меѓутоа, кампањата која што претходната Влада ја водеше за социјалните станови го доведуваше во заблуда целокупното население во РМ, играјќи си со чувствата на најсиромашниот дел.

Оваа програма за таканаречени социјални станови е за население со ниски примања. Во таква ситуација банкрот, како што ја нарече министерот таа програма, немаше да ја доведе, доколку годинот Китановски, кој што го водеше јавното претпријатие бројот на вработени не го зголеми од 400 на 800 и така паднати приходи со години во тоа јавно претпријатие не го доведе во таква ситуација.

Затоа, уште еднаш ќе го замолам да не манипулира со македонската јавност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За реплика се јави господинот Илија Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Воопшто немав намера да манипулирам, мислам дека беше само појаснвуање и сите факти што ги кажав се исти или слични со искажувањето на колешката. Така што не гледам каде е тука манипулацијата. Факт е дека тоа беа категорија на

станови за лица со ниски лични примања, факт е дека тоа е проект на Советот на Европа реализиран преку Европската банка за обнова и развој, факт е дека тоа е договор што е склучен со Владата на Република Македонија и факт е дека беше барем досега добро примен и прифатен во јавноста. Ако сега нешто се променило, не сум информиран.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувн министре и претставници на Владата на Република Македонија . Предмет на денешниов претрес се измените и дополнувањата на Законот за додадена вредност кој што е во функција од 1.о4.2000 година. Ние денеска прво треба да утврдиме што се воведе тогаш. Тогаш во Република Македонија се воведе систем , затоа што данокот на додадена вредност е трансформација на данокот на промет на поранешниот данок на промет општ, индиректен потрошувачки данок кој што до 1998 година не беше воведен. и во основа се воведе на начин во координација со луѓето од ММФ и Светската банка како систематизиран начин на точна евиденција, прибирање и контрола на данокот што се формира и настанува во сферата на прометот. Значи, ние денеска дискутираме за систем кој што покажа извонредни резултати за кои што некои пратеници се сложија дека се покажа како успешен систем, иако тогашната опозиција негираше дека Владата на Република Македонија во 2000 година е спремна и способна да го имплементира овој данок. Тој е индиректен данок. Спроведливоста на фискалната политика не се мери преку индиректните даноци. И министерот Гошев убаво појасни со проценти зошто данокот на додадена вредност во развиените земји учествува од 15 до 20% во вкупното фискално оптоварување, а зошто во Република Македонија се движи да речеме просечно од 35 до 40%. Затоа што кај нас овој данок како што реков преставува систем и нуди усовршени и брзи механизми како во целост на најадекватен начин да ги прибереме приходите и тоа систематизирано во Буџетот на Република Македонија . Додека пак, ако сакаме ние да имаме вистинско полнење на Буџетот, справедливо полнење на Буџетот, тогаш моравме во овој Буџет да понудиме , односно во целина во фискалната политика и мерки во делот на она што претставува дирекни даноци. Значи тоа се персоналниот данок, тоа е данокот на профит, тоа е данокот на имот, или пак да обезбедиме преку

акцизите кои што во основа ги теретат луксузните производи како што се нафта, цигари, накит, или други производи кои што одредена категорија на граѓани ги ползува, за да имаме ние и подобро полнење во Буџетот и посистематизирано полнење на Буџетот, а од друга страна справедлива фискална политика, затоа што ДДВ го плаќаат сите подеднакво, додека овие даноци оние што стопанисуваат најмногу , оние што остваруваат најголем профит и оние што имаат најголем имот, тие треба да го платат, да го поднесат теретот на поголемото даночно оптоварување и по стапки и во проценти. Или пак да речеме, уредбата која што беше спомната за дворното место кое што е во сопственост на државата, или порано тоа беше национализирано земјиште на Република Македонија , кога сега треба да се преведе земјиштето од користење во сопственост, повторно имаме дискриминација на одредени граѓани, затоа што некој на Водно да речеме ќе добие одредена парцела која што му била доделена да речеме од Сојузот на комунистите, или пак претседателот, поранешниот претседател на државата, или други функционери ги купуваа за 25 до 30 илјади марки, а сега се продаваат како градежно земјиште за повеќе од милион ипол до два милиона марки тие плацеви на Водно. А од друга страна пак тоа дворно место кое што чини најскапо, сега овозможуваме таа повластена категорија на граѓани да го ползуваат најефтино. Мислам таа е една од мерките и политиките кои што напоредно со ДДВ требаше да го оптерети оној граѓанин кој што има најголеми бенефиции.

Но, да се вратиме на ДДВ. Значи, јас го прифаќам она што министерот за финансии го кажа, затоа што знам колку му е тешко преговарајки со ММФ да ги оствари проекциите на потрошувачката и на растот на цените на мало, дека проекцијата ќе биде дека со ДДВ нема да се зголеми повеќе од 0,5% да има пораст на цените на мало. Меѓутоа, едно е проекцијата и таа проекција можеби ќе се оствари по патот на сивата економија, затоа што веројатно и сигурно зголемените стапки на лековите, на детергентите, на она што претставува добиточна храна, на минерални и хемиски ѓубрива, полиетиленското платно ќе доведе до тоа да многу безработни граѓани на Република Македонија се обидат од соседните држави пред се Србија и Бугарија од каде што и порано по пат на сива економија се шверцуваа одредени производи , да го продолжат тој тренд, но сега во многу зголемен обем. Но, ако тоа се случи, тогаш капацитетите кои што произведуваат добиточна храна како што е да речеме “Жито Вардар” , или “Радобор” во Пелагонија , или пак вештачко ѓубриво како што е ХИВ Велес, сигурно ќе пропаднат, затоа што нема да бидат конкурентни на пазарот. Еве за илустрација 90% од севкупните компоненти на

добиточна храна се увезуваат во Република Македонија , дали е тоа рибино брашно, дали се тоа други компоненти, дали се тоа премикси и адетиви што не ги произведуваме тука , на нив се плаќа царина, на таа царина сега од 5% се зголемув ана 18% данок на додадена вредност. Неминовно крајниот производ што ќе го произведе Жито Вардар, или било која друга производна компаниа во Република Македонија што произведува добиточна храна ќе биде поскап минимум за 14%. Тоа е логиката. И што е спорно тука во одбраната на данокот на додадена вредност од страна на актуелната Влада. не е спорно ништо. Стапкит ена ДДВ се менлива категорија. Меѓутоа, стапките на ДДВ се бранливи ако се излезе со искрен пристап и по номинала и вредносно. Ако Владата истапи со пристап дека за договорите со ММФ заради тоа што имаме потреба од 16 милијарди денари очекувани приходи од ДДВ да ги зголемиме на 20 милијарди денари, номинално тоа претставува зголемвуање од 4 милијарди денари, тогаш тоа е чесен пристап. И јас лично дури како пратеник од опозицијата познавајки ги состојбите кога се преговара со ММФ, ценам дека тоа би било опортун пристап. Но, да се каже дека со тоа што ќе се намали за 1% стапката од ДДВ од 19 на 18% ќе имаме бенифиции, односно помало даночно оптоварување, тогаш апсолутно реакцијата е ваква како што ја искажувам сега, дека тоа не претставува реален одраз на нештата и дека навистина тие 4 милијарди денари некого ќе го оптоварат, пред се ќе ги оптоварат оние прво, коишто произведуваат одредени производи по пат на , пред се зборувам за овие гранки кои што сега се оптоваруваат со 19%, а понатаму и потрошувачите, бидејки ова е индиректен данок и повторно зависи од моќта и способноста на потрошувачите, пред се во стандардот населението тоа да го плати. 90% од севкупниот семеен буџет, односно кошничката на потрошувачка што секое семејство ја планира во Република Македонија се упросечува и се искажува во вредносен обем преку Заводот за статистика, отпаѓа на производите од исхрана. А тука во 5 елементи, поточно во 4: добиточна храна, минирални и хемиски ѓубрива, во средства за заштита на растенијата и во полиетиленско платно се зголемува стапката од 5 на 18%. Тоа има индирекно влијание заедно со стапката 18% на земјоделска механизација, заедно со стапката 18% на ветеринарните услуги и заедно со стапката 18% на советодавни услуги во земјоделството директно влијае на цената на крајниот производ во земјоделството. Покрај другите нус ефекти како што се да речеме деградација и испоснување на земјоделската површина, или пак други видови , ако не се со зголемената стапка на средства за заштита на растенијата, други видови болести кај растенијата кои што на крајот на краиштата ќе реперкуираат со уништување на цели

плантажи овошни и лозови насади кои што нема да бидат третирани со заштитни средства така како што треба. А од друга страна добиточна храна во Република Македонија која што и онака беше скапа и по дефиниција секаде во Европа се премира, односно се даваат рефакции за транспорт за оние земји кои што се континентални, или пак за оние земји кои што се морски се обезбедува регрес на добиточната храна во Република Македонија уште еднаш да кажам ќе поскапи најмалку 14% и ќе го загрози и онака тешкото опстојување на над 600 илјади грла крупен добиток и над 800 илјади грла ситен добиток во Република Македонија . Исто така, полиетиленското платно еден би рекол огромен потенцијален ресурс за производство на рано градинарски производи во Република Македонија кои што се произведуваат над 300 илјади тони во пластеници во Република Македонија ќе допринесе и тоа производство кое што носи девизен аутпут над 20 милиони долари да биде загрозено и со цени кои што нема да бидат рентабилни и нема да овозможат пласман на оние производи кои што се произведуваат во тие пластенички капацитети во Република Македонија . Едноставно пристапот при објаснувањето и одбраната на промената на стапките во ДДВ не беше принципиелен, не овозможи констуктивна расправа, туку беше апологија на нешто што не може да биде брането, затоа што тука во основа се работи со ова изменување и дополнување на Законот за додадена вредност за зголемено даночно оптоварување од над 4 милијарди денари кои што ќе ги оптерети прво производните капацитети во Република Македонија и на крај ќе се реперкуира негативно врз стандардот на населението во Република Македонија , на сите граѓани во Република Македонија . Од тие причини јас ќе гласам против донесувањето на измените и дополнувањата на овој закон за додадена вредност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Ги молам пратениците што се излезени од салата, да влезат, почнуваме со процес на гласање.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 75 пратеници, 57 за, и 18 против.

констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието се согласува со предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 73 пратеници, 57 за, 16 против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлгоот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 15 по членот 14, на член 16 за додавање нов став 2, за пренумерација на членовите 16, 17, 18 и 19, за додавање нов член 21 по членот 20 и за пренумерација на членовите 20, 21, 22 и 23 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандман на член 22 по кој Владата не се произнесе.

Комисијата за транспорт и врски и екологија поднесе амандман на член 22 со кој претставникот на Владата не се согласи.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 3 во новата точка 17, член 17 во новиот став 8 и на член 21 во новиот член 60-а.

Пратеникот Љупчо Балковски поднесе амандман на член 5 став 1 за додавање нова точка 3 по точката 2 и на став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман за бришење на член 5 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Ефтим Манев поднесе амандмани за додавање нов член 1-а по членот 1 и на член 5 став 1 за додавање три нови точки по точката 2 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Китаноски поднесе амандмнаи на член 5 став 1 за додавање нова точка 4 по точката 3 и на член 22 за додавање нов став 2 по ставот 1 по кои Владата не се произнела.

Пратеничката Марија Којзаклиска поднесе амандман на член 5 став 1 за додавање две нови точки по точката 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Блаже Стојаноски поднесе амандмани на член 5 став 1 за додавање нова точка 4 по точката 3 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓе Палашкоски поднесе амандмани на член 5 став 1 за додавање пет нови точки по точката 3 и за додавање нов став 3 по ставот 2 и исто така за менување на член 23 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Коце Трајановски поднесе амандмани на член 5 став 1 за додавање три нови точки по точката 3 и на член 5 за додавање два нови става по ставот 1 и за бришење на ставот 2 по кои Владата не се произнела.

Преминуваме на претрес по амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 22 поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине претседателе, со оглед на тоа што амандманот беше поднесен пред одржувањето на седниците на комисиите кои што расправаа за Буџетот, на Комисијата за финансирање и Буџет расправавме за овој амандман кој што го имав поднесено, ги прифатив образложенијата на министерот и на останатите претставници на Владата кој што се однесува во однос на градењето на становите и со оглед на тоа што се согласивме со нивните образложенија овој амандман го повлекувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Отворма претрес по амадманот на член 22 поднесен од Комисијата за транспорт и врски и екологија.

Претставникот на Владата на Комисијата не се согласи со амандманот.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Ве молам да гласаме за амандманот.

Вкупно гласале 73 пратеници, за гласале 18 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го донесе амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 во новата точка 17 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член  17 во новиот став 8 поднесен од Законодавно -правната комисија.

Со овој амандман се согалсил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 21 во новиот член 60-а поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман исто така се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 5 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да предупредам, овој амандман ако се прифати, отпаѓаат наредните 12 амандмани.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Целта со овој амандман ми беше само да потсетам на изборните ветувања на една политичка гарнитура за што овде и цитирав од говорницата. Значи, кога беше кампањата, пред изборите се ветуваше дека ќе одиме во правец на намалување на даноците, дури и проширување на опсегот на привилегираната стапка.

Со овој амандман сакам само да потсетам, кога сме надвор од власта едно ветуваме а кога сме на власт очигледно, заради разни аранжмани со ММФ и слични такви, гледаме дека ги побиваме ветувањата односно ги заборaваме и на граѓаните им пласираме тоа дека ова што сега го правиме е исправно и единствено средство да се подобри приходната страна на буџетот.

Претседателе, со оглед на тоа што го усвоивме буџетот, ако овој амандман биде прифатен од утре треба да правиме нов буџет односно ребаланс, а бидејќи знам каков е ставот, особено на пратеничката група на СДСМ, не верувам дека ќе биде прифатен и заради тоа ќе ги поштедам пратениците од гласање и амандманот го повлекувам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за додавање нова точка 3 по точката 2 и на став 2, поднесен од пратеникот Љупчо Балковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор.

За збор се јави г. Љупчо Балковски.

ЉУПЧО БАЛКОВСКИ:

Амандманот се поднесува од причина што досега станбените згради беа оданочувани со повластена стапка заради развој на градежништвото и потребата од зголемена станбена изградба, а поаѓајќи од животниот стандард на населението, во интерес на граѓаните и можноста за решавање на проблемите за

купување на стан со поповолни услови, се предлага повластената стапка од 5% да остане понатаму односно да не се дозволи зголемување од 5% на 18% за становите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Глсале 70 пратеници, 18 гласале за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амаднманот за додавање нов член 1-а по членот 1, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

ЕФТИМ МАНЕВ:

Предложениот амандман се однесува на услуги направени од јавните водостопански претпријатија за наводнување на земјоделско земјиште на име воден надоместок, која одредба доаѓа како 20-та во членот 23 од постоечкиот закон, а која одредба ги решава случаите кои се ослободуваат од плаќање на ДДВ.

Кои се причините за поднесување на овој амандман?

Сметам дека постојат две причини и тоа едната причина е што со прифаќањето на оваа одредба, како амандман на членот 23, создаваме услови во земјоделието, на некој начин, бидејќи веќе го усвоивме Буџетот на РМ во кој знатно се намалени паричните средства за давање на било какви субвенции во земјоделието, а сите сме свесни дека земјоделството како гранка е  во многу лоша ситуација.

Имајќи во вид дека Македонија се вклучи во СТО  и ќе биде полиберално влегувањето на било какви земјоделски производи во РМ, а нашите земјоделски производи ќе бидат далеку по неконкурентни, бидејќи во сите држави

земјоделието е стратешка култура и во него се донираат доста средства, така што ние нашето земјоделство ќе го направиме уште по
неконкурентно и на домашен и на странски пазар. Сметам дека предлагачот на Законот, министерот би требало малку повеќе да размисли околу оваа област и не треба толку цврсто да се држи до предлогот на буџетот дека тој треба да се оствари токму до денар ни повеќе ни помалку, како кога се прават пописи во претпријатијата, ако се покаже вишок или кусок, тоа е резултат на некое неуредно работење.

Јас сум убеден дека Буџетот може да биде остварен со повеќе средства од предвидените, доколку имаме поголем респект во РМ, со создавање на поголем број вработувања, создавање на подобри услови за работа, односно кога ќе успееме во РМ граѓаните да ги дотераме до тој степен повеќе да трошат, а тоа значи тие да остваруваат и повеќе.

Овие средства ако бидат ослободени во земјоделието, ќе се создадат услови, граѓаните во РМ кои се занимаваат со земјоделство да имаат повеќе елан да работат во оваа гранка, а повратна положба со поскапување на основа данокот за ДДВ, на сите репроматеријали, тогаш ќе создадеме едно тотално обесхрабрување на оваа група работници кои се занимаваат со оваа проблематика. Тоа е едната причина.

Другата причина е исто така од битно значење.

Претпријатијата кои се занимаваат со водостопанска дејност, кои склучуваат договори со корисниците на вода за наводнување, веројатно има такви анализи во РМ, истите се во таква тешка положба и неможат да ги собираат паричните средства, а со склучување на договор за користење на вода тие, согласно овој овој закон, стануваат обврзници за плаќање на ДДВ, а наплатата од користење на вода ја вршат годишно некаде меѓу 30 и 40%, а некаде 18% го плаќаат на име на ДДВ, па сите овие претпријатија се и те како во тешка финансиска положба и веројатно министерот и Владата, па и овој Парламент ќе треба да размислат што со тие претпријатија утре. Прашање е дали тие претпријатија утре ќе бидат во состојба да отпочнат оваа година да ги даваат услугите за кои се формирани.

Сметам дека овие средства нема да го пореметат Буџетот и министерот треба уште еднаш да се преиспита и да го прифати овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Марјан Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван претседателе,

Во прилог на поддршка на она што го кажа господинот Ефтим Манев би искажал само две основни причини поради кои би требало овој амаднман да се прифати.

Прво, приходите од услугите за водостопанска активност се мала ставка во Буџетот, од причини што во најголем дел, во одреден дел во РМ каде што има системи, пред се во западниот дел на државата, тој водостопански надоместок и таа услуга воопшто не се наплаќаат и неможе да стане збор за остварување на рамноправно  оптоварување на сите граѓани на РМ. Цели системи функционираат по пат на наводнување без наплата на основниот надоместок, а тоа ќе рече дека нема да има можности за наплата на ДДВ.

Втората причина е што целокупниот систем на водостопански претпријатија во Република Македонија имаат огромни загуби од над 30 милиони евра и сите сметки, освен, можеби на едно или две претпријатија од водостопанските претпријатија во Република Македонија, со со блокирана жиро сметка и тешко ќе може да се реализира односно тоа да биде една материјална претпоставка за подобро, поефикасно и посистематско полнење на буџетската каса и овозможување проекцијата на министерот за финансии да се реализира. Оттаму сметам дека на ваков начин ќе помогнеме и во реформата на тој сектор на водостопански претпријатија, што е моше осетлива реформа на проект со Светска банка, а од друга страна ќе овозможиме едно реално билансирање на приходите и расходите во Буџетот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор министерот за финансии г. Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас немам ништо против и би сакал да може да се прифати овој амандман, меѓутоа, за жал не можеме затоа што и овој закон е од рамките на пакетот договаран со меѓународните субјекти. Меѓутоа, овде има една дополнителна информација за да бидат работите јасни.

Прво, овде нема зголемување на ДДВ бидејќи овие услуги не биле со стапка од 5% сега се покачува на 18%, туку биле со стапка од 19% и сега се намалува на 18%. Тоа е една работа.

Господинот Ѓорчев имал прилика повеќе пати да го реализира ваквиот амандман бидејќи, за негово време повеќе пати се менувани даночните прописи, па не е реализирано тоа. Значи причината е што не можеме заради сите претходни објаснувања што ги давав во врска со законот, а во случајов имаме намалување, немаме зголемување. Не биле на 5%, па сега на 18%, туку биле на 19%, а сега се намалува на 18%.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никј друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 17 патеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за додавање три нови точки по точката 2, поднесен од пратеникот Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Свесен сум дека судбината и на овој амандман е како и на претходниот и на сите други поднесени, но сепак користам прилика да дадам појаснување.

Предложениот амандман под точка 3 се поднесува од исти причини и од исто објаснување како што беше претходниот амандман, бидејќи се работи за земјоделски производи, така што нашите земјоделски производи да станат поконкурентни како на надворешниот така и на домашниот пазар.

Во точка 4 се работи за лекови и сите видови ортопедски помагала.

Ја користам приликата да дадам едно кратко образложение, барем излагањето на министерот дека ќе се зголемат трошоците на граѓаните за 0,5%.

Сакам да истакнам дека во Република Македонија има такви слоеви на граѓани што од својот домашен буџет трошат повеќе од 50% за лекови и таму нема да биде 0,5% туку се далеку поголеми трошоците на таквите семејства. Затоа

колегите пратеници сепак треба да имаат едно разбирање за граѓаните на Република Македонија кога се однесува за лекови и сите видови ортопедски помагала. И денес гледав овде во една апотека, луѓето во џебовите бараат 50 денари, немаат да платат лекови. Одредени луѓе користат секојдневно лекови, повеќе од храна. Затоа сепак треба да имаме разбирање за таквите предлози бидејќи ја задираат судбината на граѓаните на Република Македонија кои не можат да си купат лекови и така ќе ја зголемиме само смртноста во Република Македонија, не друго. Буџетот може ќе го зголемиме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да внимаваме, да не одиме со морбидни најави.

Бидејќи никој не бара збор, го заклужувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 72 пратеници, за гласале 21 пратеник.

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1 за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратеникот Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор?

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Почитувани колеги, со овој амандман практично останува претходното решение. Очигледно дека нема да биде односно не е прифатен од Владата. Меѓутоа, должен сум да дадам образложение кое се состои од две причини.

Првата причина е, по аналогија бидејќи и водата за пиење, на почетокот беше најавено дека ќе премине во општата ставка, а после реакциите и од јавноста и повеќе институции се прифати тоа решение да остане водата за пиење од системите за водоснабдување. Сметам дека станот за живеење, заедно со водата и храната се едни од елементарните човекови потреби, па и природно е во даночната

тарифа да биде заедно со овие два основни човекови ресурси. Тоа е првата причина, односно аргумент. Вториот аргумент е фискалниот. Имено сметам дека нема да има многу голем фискален, позитивен ефект од воведувањето на зголемена односно на општа тарифа од ДДВ на 18% затоа што факт е дека тоа ќе ги поскапи становите, можеби и повеќе од зголемувањето на ДДВ, а со тоа, можеби не веднаш но во вториот циклус ќе опадне и обемот на градба затоа што, нормално побарувачката ќе се намали, а тоа значи вкупната сума на средства која би се слевала во Буџетот можно е да остане иста. Така што во овој дел, можеби и ова решение, становите за живеење, во делот за живеење, како што стои во Предлогот, на законот да останат во повластената даночна ставка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Ве повикувам да гласаме за амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

75 пратеници гласале, 18 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Илија Китаноски.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Господинот Гошев има збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Господин Китаноски.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

За овој амандман во текот на вчерашниот ден имав разговор со заменикот министер и со државниот секретар и целта на поднесување на овој

амандман беше да во овој предлог на закон бидат вклучени сите станови кои што ќе бидат довршени до 31 декември 2003 година и предадени во промет, односно употреба до април месец 2004 година, без разлика дали тие се плаќаат во говото или на одложено плаќање, односно на работи. Тоа беше суштината на тој амандман. Ми беше објаснето дека тоа се подразбира. Меѓутоа, таква одредба во законот не сретнав и сметав дека треба да биде допрецизирано. Можеби е премнгоу опширно ова што јас го предложив во амандманот, меѓутоа би сакал, барем ако ништо друго, јавноста да го добие коментарот бидејќи има доста заинтересирани граѓани кои би се нашле во оваа категорија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, 17 гласале за.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 5 за додавање две нови точки по точката 3, поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска..

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Господинот Гошев има збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Којзеклиска има збор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас со овој амандман би сакала да укажам на огромната важноста на лековите и на нивната неопходност за здравјето на луѓето, како и неопходноста од

посочените медицински потрошни материјали, кои на индиректен начин преку здравствените организации исто така играат важна улога за зачувување на здравјето на луѓето. Мораме уште еднаш да јго потенцираме големиот број на корисници на лековите, на ортопедските помагала и справи, за отстранување на функционалните оштетувања како на инвалидските помагала. Истите тие лица, со зголемени потреби токму по основ на болеста што ја имаат, а од друга страна тие лица не се во состојба подеднакво како и истанатите лица кои ги немаат потребите, таквите потреби, не се во можност да ги добијат со зголемувањето на повластената стапка.

Дури, во многу полоша форма се однесува и на медицинскиот потрошен материјал, гази, вати и стерилни материјали, кој е основен алат на здравствените работници во зачувување на здравјето на луѓето, на директен или индиректен начин. Со ова зголемување ниту здравствените организации ќе можат квалитетно да ја вршат својата здравствена дејност, ниту пак граѓаните не ќе можат да ја добијат квалитетната грижа за нивното здравје. Во услови на се поголема сиромаштија и опаѓање на економската и платежната моќ на граѓаните, во услови на укинување на социјалната помош на голем број граѓани, согласно новововедените критериуми на Министерството за труд и социјална политика, големиот број невработени кои и натаму ќе останат невработени и покрај сите мерки што ги презема Владата на Република Македонија, сметам дека Владата на Република Македонија направи голема грешка кога ја укина повластената даночна стапка од 5% за овие два многу важни сегменти на здравјето на луѓето.

Сакам само уште еднаш да ги потсетам и информирам граѓаните дека со денот на стапувањето на сила на законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, меѓу другите цени и цените на лековите, на ортопедските справи и помагала, на справите за отстранување на функционалните оштетувања, како и на инвалидските помагала и медицинскиот потрошен материјал. Ќе се зголемат за 13% и навистина незнам дали тогаш граѓаните, на кои директно се однесуваат, ќе најдат оправдување за Владата на Република Македонија, во врска со нејзините причини, поради кои бара да се донесе законот, како и за образложенијата на Владата на Република Македонија за целта што сака да се постигне со овој закон.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 18 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, за додавање нова точка 4 по точката 3, поднесен од пратеникот Блаже Стојаноски.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Господинот Гошев има збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Господин Стојаноски има збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Проблемот со наплатата и ликвидноста, особено ќе се почувствува врз Електростопанство на Република Македонија, јавно претпријатие кое и онака има проблеми со наплатата, ликвидноста и со цената на електричната енергија, која е пред се социјална категорија. Со покачувањето на даночната стапка на 18% не само што ќе се создадат невозможни услови за работење, туку за мнгоу краток период ќе се принуди Електростопанство на Република Македонија да изврши покачување на цената на електричната енергија.

Имено, со наметнувањето на товарот од 13% од домаќинствата да го плати ЕСМ, фактички се врши намалување на цената реално ја приходува ова претпријатие за коловат час за потрошена електрична енергија, бидејќи тие 13% ќе ги плаќа на државата како данок. Кога на тоа ќе се додаде фактот дека собирањето данок преку наплатата на електричната енергија е исклучително отежнато поради

тешката наплата на акумулираните долгови на Електростопанство на Република Македонија. Тоа мора да го авансира данокот кон државата, јасно е дека не само што се удира врз стандардот на населението и тоа се турка кон сиромаштија, туку се врши удар и врз ова јавно претпријатие, а преку него и на сите оние стопански субјекти, кои директно, со својата деловна активност ссе насочени кон него.

Крајниот резултат на овој потег ќе биде целосното запирање на инвестиционите активности во електроенергетската мрежа, проблеми со нејзиното тековно одржување, а во крајна линија последици можат да почувствуваат и вработените во ова претпријатие кои не ќе можат редовно да ги примаат платите и другите надоместоци.

Ако на ова се додаде и потребата од инвестирање во производството на електрична енергија, редовните ремонти во термо и хидроелектраните и потребата од увоз на струја која само за периодот мај 2003 година - април 2004 година изнесува околу еден милион мегават часови електрична енергија, несомнено е јасно дека при донесувањето на ваков предлог, Владата на Република Македонија не водела сметка за последиците кои ќе бидат предизвикани со усвојувањето на овие измени.

Од овие причини предлагам Владата на Република Македонија повторно да го разгледа овој амандман и да се произнесе позитивно по него, со оглед на фактот што со овој предлог на покачувње на данокот на додадена вредност од 5% на 18% кој што ќе треба да го плаќа Електростопанство на Република Македонија, се врши директен атак врз ова претпријатие.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине претседателе.

Јас би сакал во однос на амандманот на господинот Благоја да кажам неколку збора во однос на она што значи Електростопанство на Република Македонија и она што значи овој данокот на додадена вредност кој од 13% ќе треба Електростопанство на Република Македонија да го исплаќа кон државата како

данокот на додадена вредност. Оваа повластена стапка кога ќе се покрие со нови 13% тоа значи директно завлегување во она што ќе биде понатамошно одржување, инвестиции, развој и нови инвестициони вложувања во енергетиката во комплетниот систем. Што значи, она што го имаме презентирано ќе биде директно загрозено со тоа што се напаѓа производната цена на електричната енергија, која во моментот е многу мала, затоа што знаеме она што значи производна цена сегашна, на нашите енергетски објекти, она што значи цена на електричната енергија од увоз, има голема разлика. Бидејќи во неа не можеме да интервенираме и она што е договорено мора да се плати, дефинитивно доаѓа време да ние размислуваме за она што го произведуваме во нашата држава, да обезбедиме квалитетно производство, со тоа што ќе им обезбедиме на луѓето да го работат сето ова, да работат со доволно резервни делови, да имаат правилен исход, да обезбедат модернизација на влоговите во термоелектраните, да обезбедат средства за понатамошно испитување во Брод - Неотино и слоевите во рудникот Суводол. Со ова што го правиме ние едноставно ќе ги донесеме во некоја безизлезна состојба, која што за некоја година бидејќи веќе нашите електрани доаѓаат во фаза кога ќе треба да се прават и генерални ремонти, што подразбира многу поголеми инвестициони средства за поправка на сите овие работи, ќе имаме големи проблеми. За да не го правиме тоа, јас незнам, цело време зборуваме дека имаме некоја црна дупка во Електростопанство на Република Македонија, но вистината е дека Електростопанство на Република Македонија има побарување од некаде 150 милиони евра. Значи, има долг од 57, а побарување некаде од 210 милиони. Со сите овие закони што деновиве ќе ги донесеме, се надевам дека сме убедени дека со сите закони, со буџетот, кои овие денови ги разгледуваме, во интерес на она што значи давачки кон државата, ќе постигнеме, тие давачки државата успева да ги добие. Една од тие е и оваа наплата на електричната енергија, која знаеме дека последните месеци се извршуваше и со помош на единиците на УМПРОФОР или НАТО силите во Република Македонија. Значи, се надевам дека тоа дефинитивно ќе го надминеме и ќе се стигнеме до ситуација да можеме да ги наплатиме овие средства, кои што ќе бидат од голема добивка за Електростопанство на Република Македонија.

И, уште еднаш да го потсетам господинот Гошев, дека резервите не се од преструктуирањето во Електростопанство на Република Македонија што се случуваат сега и дека тие се некои стекнати средства во ова време од шест месеци, туку тоа се средства што се наследени. Уште еднаш, ќе ги разочарам господата од

Електростопанство на Република Македонија кои кажуваа дека се наследени рудници во кои што нема јаглен. За жал, ќе морам да кажам дека 1999 година беа наследени само 360 тони, а 2002 година се оставени 12 милиони тони јаглен, доволни за двегодишно работење на трите термоелектрани во РЕК Битола.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Јас ги молам пратениците и покрај се да се концентрирате на амандманите.

Не сум сигурен дека беше за амандманот - резервите на јаглен во Република Македонија.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

70 пратеници гласале, 16 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, за додавање пет нови точки на точката 3 за додавање нов став 4 по ставот 2, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Паљошкоски.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Господинот Гошев има збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Господин Паљошкоски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани министри,

Амандманот го поднесувам од причини што сметам дека предлагачот не водел доволно сметка за заштита на развојот на земјоделието, бидејќи се покачува стапката од 5% на 18% на производите што се користат како репроматеријали за земјоделското производство и тоа: за храна на животните, вештачките ѓубрива, средствата за заштита од болести и штетници, семенски материјали, исто така како и политиленското платно, односно најлон за поледелското производство. Со сите наведени репроматеријали директно се влијае врз трошоците на земјоделстkото производство, а тоа значи директно оптоварување на така изнемоштените земјоделци.

На сите нас ни е познато дека земјоделските производители не се обврзници на данокот на додадена вредност, така што претходно наплатениот данок со набавката на репроматеријали, фактички е трошок на производство, бидејќи истиот не може да им биде повратен.

Во однос на услугите сметам дека услугите на одржување на јавната чистота, со покачување на стапката од 5% на 18% претставува оптоварување на граѓаните, по основ на нивната желба за чиста и здрава околина.

Во однос на услугите на адвокатите, нотар, сметководителите, кои даваат услуги на граѓаните, со покачување на стапката од 5% на 18%, ќе избегнуваат истите и ќе си оставаат простор за намалување на правото функционирање на државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

74 пратеници гласале, 18 пратеници гласале за.

Констатирам дека Собранието на Република Македонија не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Паљошкоски.

Го молам претставникот на Владата на Република Македонија да се произнесе.

Господинот Гошев има збор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Денеска е 26-ти март 2003 година, додека го обработиме со измените во Собранието на Република Македонија, додека го однесеме во Службен весник, се плашам, со оглед дека е сабота и недела, нема да се објави до датумот кој го прифаќате за примена со овој амандман. Ако е тоа можно, во ред.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Со денот на објавување, а ќе се применува ое 1 април 2003 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Меѓутоа, ако не е објавен на 1 април 2003 година.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не мора.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Меѓутоа, понеповолно е за граѓаните тоа решение, а важи наназад.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23, поднесен од пратеникот Ѓорѓе Паљошкоски.

Дали е истиот тој амандман? (Да)

Се извинувам.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 1 за додавање три нови точки по точката 3, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам господинот Гошев да се произнесе за амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој бара збор?

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Би сакал да кажам дека со овој амандман се предлага во опфатот на повластената стапка од 5% да бидат опфатени основните земјоделски производи, минералните и хемиските ѓубрива, како и детергентите за миење на садови и за перење на алишта.

Она што се однесува за земјоделието беше кажано и од претходните мои колеги, кои имаа сличен амандман од таа област. Јас би сакал да кажам дека со укинување на повластената стапка од 5% и ставање на 18% за земјоделските производи, значи поскапување од 13%.

Земјоделието и така се во многу лоша состојба, тоа сите го знаеме, нема субвенции, нема поволни кредити, отежнат е пласманот на готовите земјоделски производи. Се повеќе ќе има увоз на странски земјоделски производи, поради зачленување во Светската трговска организација, што значи ќе се зголеми сивата економија. При ова, значајно е што се оданочува по овој основ и влезот кај суровините за земјоделските производи, како една од суровините се и хемиските ѓубрива, кои се неопходни се секоја сеидба за прихранување, за одржување на земјоделските производи. Со ова значи ќе се поскапат цените на земјоделските производи, нивниот пласман е многу лош, многу тежок, а со ова уште повеќе ќе се отежни нивниот пласман. Затоа, апелирам до пратениците да се прифати овој амандман и да се помогне на земјоделието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 17.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претес по амандманот на член 5 за додавање два нови става по ставот 1 и за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Коце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господинот Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе,

Би сакал да истакнам дека со овој амандман бараме повластената даночна стапка да се применува и на прометот на следните услуги, а тоа е превоз на лица и отпремување на отпад, како и услуги за одржување на јавната чистота.

И тука мислам ако не се прифати овој амандман најмногу ќе ги погоди најсиромашните слоеви.

Со ова сакам да кажам дека сите се стремиме и сакаме да имаме еколошки чиста средина, но ќе мораме да ја стимулираме дејноста која се бави со оваа проблематика, во спротивно доаѓаме до една апсурдна состојба од една страна да се декларираме дека ќе ја подобруваме животната средина, а од друга страна оваа дејност ја оптоваруваме со дополнителни давачки.

Јас би сакал да знам дали се направени некои проекции во оваа смисла со данокот на додадена вредност по овие ставки, а не сумарно како што беше искажано и во Буџетот, бидејќи финансиски јавните претпријатија кои се бават со оваа проблематика стојат многу лошо, цените за депониите се големи дури и сега имаме голем број на случаи на исфрлање во диви депонии покрај реки, пресушени потоци и каде не, значи, со еден збор еколошката средина ќе се загади уште повеќе.

Што се однесува до превозот на лица и патници состојбата со возниот парк за превоз на лица како на јавните претпријатија така и на приватните е многу лоша, тоа може да се види какви автобуси се движат по улиците на Република Македонија, значи право задоволство е да се види нов автобус. Со ова ќе се намали движењето на граѓаните, значи патувањето најверојатно, се помалку ќе патуваат за да ги извршуваат своите најосновни потреби, затоа сметам  дека пратениците би требало да го прифатат овој амандман со што во овие две области би се подобрила состојбата.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за 14.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 72 пратеници, 54 за 18 против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за додадена вредност.

Почитувани пратеници, тука ќе прекинеме, продолжуваме утре со седницата за пратенички прашања, а со оваа седница продолжуваме во петок во 10,00 часот.

Утре седницата е закажана за 11,00 часот, затоа што е закажана 20 дена претходно кога уште работевме по зимското време и сега не можам да менувам, сите се известени така.

(Еден од пратениците праша утре до кога)

По договор.

(Седницата прекина со работа во 19,30 часот).